**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,48 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, наскоро започнуваме со работа.

Продолжуваме со работа по 56-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Арбен Џафери, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Славица Грковска, Лазар Китановски, Радмила Шеќеринска, Љубисав Иванов Ѕинго, Фијат Цаноски, Абдулади Вејсели, Мирјана Секуловска, Горан Мисовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Шеста точка: - Предлог за донесување на закон за јавните набавки, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господинот министер Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, добар ден,

На продолжението од оваа седница имаме еден многу важен закон за кој јас накратко ќе ве запознаам со основните одредби.

Потребата од целосно усогласување на законската регулатива на полето на јавните набавки во Република Македонија е одредена согласно обврската од член 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската унија и Република Македонија , како и со обврските кои произлегуваат од Националната програма за усвојување на пработо на Европската унија.

Појдовна основа за изготвување на законот се соодветнит епрописи на Европската унија што ја регулираат областа од јавните набавки.

Потребата од донесување на нов закон за јавните набавки произлегува и од експертизата извршена од претставници на Европската комисија кои утврдија дека треба а се изврши усогласување на нашето законодвство со делот кој се уредува со тн., “екторска Директива” односно Директивата 2004/17 ЕЗ и “Директивите за правна заштита”, односно Директивата 1989/665/ЕЕЗ и 1992/13/ЕЕЗ, како и дополнително да се уредат одредени прашање со новата консолидирана тн., “класична Директива”, односно Директивата 2004/18/ЕЗ.

Покрај тоа, искуствата од досегашната практична примена на постојниот Закон за јавните набавки укажуваат на присуство на определени недостатоци кои особено се однесуваат на постапката за доделување на договори за јавни набавки на субјектите кои оперираат во дејностите водоснабдување, енергетика, транспорт и поштенски услуги.

Понатаму, констатирано е постоење на контрадикторни одредби кои го уредуваат начинот на доставување на понудите и нивното отворање. Неконзистентност на употребените термини за учесниците во постапките за јавни набавки. Нерегулиран начин и постапка на склучување на рамковни договори како посебен начин на доделување на договор за јавна набавка со отворена или ограничена постапка. Не постоење на детални услови и правила за утврдување на способноста на понудувачите или кандидатите во постапките за јавни набавки, што во примената на Законот доведуваше до максимално формализирање на овој дел од постапките.

Не постоењето на пропишани обврасци на огласи за спроведување на постапките за јавни набавки во практиката доведува до појава на користење на разни “модели” на обрасци кои не ги содржат потрбните информации или содржат премногу информации во замена на тендерска документација.

Правната заштита на понудувачите или кандидатите во постапките за јанви набавки не е регулирана на начин пропишан со Директивите за правна заштита на Европската унија, како од институционален аспект така и од аспект на прецизно дефинирање на правото за поднесување на жалба во секоја фаза од постапката не само на учесниците во постапките за јавни набавки, туку и секој кој ќе го докаже правниот интерес за тоа. Понатаму, краткиот рок за нејзино поднеување и слично.

Почитувани, Предлог законот за јавни набавки содржи 12 глави при што клучни новини кои се усогласени со важечките Директиви на Европската унија за јавни набавки се следните:

- се усогласува терминологијата во постапките за јавни набавки;
- усогласен е опфатот на договорните органи што ќе бидат предмет на законот особено во делот на секторите за водоснабдување, енергетика, транспорт и поштенски услуги;
- се дефинираат видовите на договори за јавни набавки, односно се воведуваат одделни дефиниции за договорите за набавка на стоки, услуги и работи;
- се пропишува можноста Владата да формира Централно тело за набавки за потебите на други договорни органи;

- се воведува обврска за определување на лица или организациски облик кај договорниот орган кој ќе биде задолжен да ги врши подготвителните и други технички работи во врска со постапките за доделување на договорите за јавни набавки и следење на извршувањето на договорите, односно одреден степен на професионализација во јавните набавки, со што ќе се зајакне капацитетот и ефикасноста на договорните органи.

Со овој предлог на закон ќе треба да се воспостави централен електронски систем за јавни набавки со кој ќе управува Бирото за јавни набавки и кој ќе го интегрира делот за електронско понудување, односно електронски јавни набавки и делот за електронски аукции, една од најзначајните новини во овој закон.

Понатаму, се воведуваат нови постапки за јавни набавки и тоа постапка за јавна набавка со прговарање со претходно објавување на оглас, конкурентен дијалог и барање за прибирање на понуди, кое треба да ја замени сегашната набавка од мала вредност и кое воведува значително поголема флесибилност од постојните решенија, при што е запазен принципот на трасnпарентност.

Понатаму во овој Предлог на закон се разработени правилата за склучување на рамковни спогодби и правилата за вршење на електронски аукции.

Она што е особено важно е фактот што се пропипуваат и вредносните прагови и соодветни рокови за прием на понудите што беа главна забелешка на набавувачите и понудувачите на постојниот закон. Се смета дека со новите вредности прагово и соодветните рокови значително ќе се зголеми ефикасноста на постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

Понатаму, со овој предлог на закон се утврдуваат детални правила за јавните набавки на субјектите во секторите водоснабдување, енергетика, транспорт и поштенски услуги.

Се воведува целосно нов систем за правна заштита кој е во согалсност со Директивите на Европската унија за правна заштита. При тоа ќе се формира Државна комисија за решавање на жалби по јавни набавки, која ќе има постојан професионален состав именуван од Собранието на Република Македонија и која ќе има својство на правно лице. Се предвидува Државната комисија да се конституира и да отпочне со работа од 1 јули 2008 година.

Се предвидуваат и повеќе подзаконски акти, кои се планирани да се донесат пред да отпочне да се применува законот, со што ќе се добие заокружена целина на новиот законски проект.

Иако содржината на Предлог Законот е усогласена со релевантните европски прописи за јавни набавки, истиот содржи и одредби со кои се регулираат односите вон опфат на Директивите кои вообичаено се нормираат со националните прописи на земјите - членки, односно при неговото изготвување се земени предвид и најдобрите меѓународни практики. Како пример може да се посочат правилата за вршење на јавни набавки под вредносните прагови предвидени со Директивите, при што се запазени принципите на транспарентност и ефикасност на постапката согласно со препораките на Европската комисија за набавките под праговите.

Особено е важно да се напомене фактот дека Министерството за финансии направи максимални напори за вклучување на сите заинтересирани страни во изготвувањето на овој Предлог на закон. Законот го изготвуваше работна група составена од претставници од повеќе институции, а предводена од тимот на Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии на Република Македонија. По завршувањето на првата работна верзија, истиот беше објавен на веб страницата на Бирото за јавни набавки, а беше доставен и до околу 150 субјекти од јавниот сектор и од деловната заедница заради консултации кои се одржаа на три јавни трибини, дебати помогнати од страна на Американската организација за меѓународен развој, УСАИД на кои секој заинтересиран субјект можеше да го даде своето мислење и предлози за подобрување на текстот на законот. Покрај тоа, беше побарано и стручно мислење од Институтот за стандардизација, Институтот за акредитацијса, Министерството за животна средина, Ј.П.Македонски пошти, Државна комисија за заштита на конкуренцијата и од други институции во однос на прашања од нивниот делокруг а кои се содржани во законот. Според тоа, беа преземени обемни активности за транспарентност и вклучување на јавноста во изготвувањето на овој законски проект.

Покрај овие консултации, свој придонес дадоа и експертите за јанви набавки на СИГМА, која претставува иницијатива на Европската унија и ОЕЦД, како и експертот одобрен од страна на Европската комисија преку ТАЕКС.

Се предвидува Законот да започне да се применува од 1 јануари 2008 година. Според тоа договорните органи и деловната заедница ќе имаат доволно време да се подготват за неговата примена.

Во очекување почитувани пратеници вие во најскоро време да се изјасните по овој предлог на законот, да ги кажете своите забелешки и сугестии, низ една конструктивна расправа која што ја очекуваме во македонскиот парламент со што како што рековме на инситуциите од јавниот сектор ----заедница ќе им дадеме еден современ инструмент за извршување на едно од важните функции како што е функцијата на јавните набавки.

Заради тоа однапред ви благодарам и ве поздравувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

За збор се јави господин Оливер Спасовски

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Со оглед на важност на овој законски проект кој што е прд Собранието на Република Македонија и со оглед на аргументите кои што ги изнесоа од името на пратеничката група барам стенограмите да го добиеме од излагањето за да можеме да се подготвиваме за расправа понатаму. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Да. Бидејќи се во електронска форма, стенограмите можете да ги добиете веднаш и . . .

Пауза. Да. Колку ви треба од кога ќе ги добиете.

**Оливер Спасовски:** Пола час.

**Љубиша Георгиевски:**Пола час откако ќе ги добиете.

**Оливер Спасовски:** Да. Да.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, пола час.

Бидејќи веднаш ќе ги добиете, можеме ли од сега пола час. Тие се готови. Дајте налог да се добијат.

Значи, во 11,34 ќе ја продолжиме паузата. Благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,37 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата продолжуваме со работа.

Бидејки паузата почитувани колеги беше околу експозето на министерот за финансии. Екзпозето беше поделено, значи можеме да продолжиме со работа.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам, почититуван потпретседателе, почитувани пратеници, кои што се присутни во салата, почитуван министер за финансии,

После подолго време, мислам дека овој закон повеќе од 4 месеци стои на дневен ред на ова Собрание. Притоа, Валдата имаше една постапка во која што предлагаше изменување и дополнување на Законот за јавни набавки, а потоа за брзо време ни донесе и нов закон за јавни набавки кои што за жал, измените и дополнувањата не можевме да ги разгледуваме и добро е Валдата што се откажа од измените и дополнувањата и се реши на Собранието да се расправа по предлогот за донесување на закон за јавни набавки.

Бидејки времето е премногу кратко, овој закон ќе може да се применува од 1.07.2008 година. Значи, се работи за една многу значајна материја, која што се регулира со овој закон и која што материја засега многу институции во државата, а исто така финансиските средства кои што се опфаќаат со постапките за јавни набавки се многу големи и всушност, се работи за трошење на пари на граѓаните на Република Македонија преку сите буџетски корисници, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа и други институции, коиштоподлежат на законот за јавни набавки.

Само за илустрација, во извештајот на Бирото за јавни набавки во Бирото за 2006 година има податок дека вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки во 2006 година изнесува околу 8 милијарди 958 милијон 199 илјади 675 денари. Значи, зборуваме за една сума од околу 150 милијони евра. Ако на ова се додаде дека можеби до Бирото за јавни набавки и не се сите склучени договори доставени во однос на образецот РЈН-1, во тој случај сигурно можеби ќе стаса вредноста и до 200 милиони евра. Значи, голем дел или 3% од бруто општествениот производ отпаѓаат на системот на јавни набавки кој што се спроведува во Република Македонија.

Со законот кој што ни го предлага Владата на Република Македонија се предлагаат некои измени во Законот и се врши негово усогласување со директивите на Европската унија што е сигурно добра работа, но има голем број дилеми кај нас околу тоа дали токму роковите во кој што се предвидува и улогата која што е дадена на одредени институции при спроведување на законот за јавни набавки е во ред и на кој начин ќе се врши понатаму контрола на спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Така на пример, во новиот закон за јавни набавки Бирото за јавни набавки повеќе нема да ја има контролната улога, како што ја имаше со претходниот Закон во однос на спроведувањето на постапките за јавни набавки и мислам тоа е еден огромен пропуст на Владата, затоа што досегашната пракса покажа дека доколку не беше Бирото за јавни набаки кое што ќе ја врши оваа контрола, и посебо во делот на некои постпки, за кои што ќе зборувам покасно. Навистина има големи простори и можности за злоупотреба на постапките за јавни набавки, а со тоа и за средствата на граѓаните на Република Македонија.

Значи, наше мислење е дека требаше Владата да напрви напори, Бирото за јавни набавки да го одвои, како орган во рамките на Министерството за финансии, да му даде својство на посебно правно лице, како самостоен орган чии што директор ќе го избира Собрание на Република Македонија, и на тој начин да се овозможи Бирото за јавни набавки како едно тело кое што во досегашната историја на применување на јавни набавки, далбоко е навлезена во сите псотапки , во сите пробелми и семтаме дека има доволно капацитет и стручност и да врши ефикасна контрола на целиот систем за јавни набавки.

Владата не се одлучува на ваков чекор, веројатно министерот за финансии нема да ни ги објасни мотивите, или ќе ни рече дека тоа не е во согласност со директивите на Европската унија, но досегашната пракса покажа дека до колку не постои контролен орган, навистина постојат

тенденции за значителна злоупотреба на одредени во постапки во јавните набавки. Затоа сметаме дека Бирото за јавни набавки, треба навистина да си ја задржи својата улога, да му се зголеми независноста и да му се овозможи и материјално и кадровски да ги зајакне капацитетите и навистина, да биде еден орган кој што ќе врши директна контрола на системот на јавни набавки. Или во спротивно, цениме дека се отвара значителен простор да се вршат без одредена контрола понатамошни злоупотреби во делот на јавните набавки.

Таа е едната наша забелешка. Другата забелешка е околу можноста, тоа за жал министерот во експозето не го објасни убаво и да се определи централно тело за набавки кое ќе доделува договори за јавни набавки, а тоа се стоки и услуги, или работи. Би сакал да го запрашам министерот, дали ова централно тело ќе ги опфати сите буџетски корисници, кои што се финансираат преку Буџетот на Република Македонија и своите набавки планира Владата да ги врши преку ова централно тело или се работи за министерствата, а не и за другите органи кои што се во рамките на буџетските корисници. Нависитна интересно прашање, затоа што едно тело вака ако се формира, кое што ќе ги има сите надлежносати околу јавни набавки, мислам дека, мислам дека ќе има пред се голема одговорност, но исто така ќе има и голема моќ во себе. Притоа, можеби нема целосно да ги почитува потребите на сите институции кои што се финансираат преку Буџетот и има можности на голем број незавршени планирани набавки, онакако како што бараат корисниците на Буџетот.

Исто така, Владата во овој закон предвидува одредени одредби со кои што треба да се донесат одредени подзаконски акти, кои што се директно во надлежност на минситерот за финансии и мислам дека тука господине министре непотребно се воведувате во една пробелматика која што можеби стручните служби ќе ја направат како што треба, но верувајте дека праксата ќе покаже дека не можете по сите основи да ги предвидите сите можности или ситуации кои што можат да се јават при спроведувањето на постапките за јавни набавки, затоа што се многу и затоа што не можете да ги предвидите сите со ваши подзаконски акти. Така да, начинот на проценување на вредноста на договорите за јавните набавки ги пропишува министерот за финансии. На кои договори се мисли, на кој начин ќе ја вршите таа проценка, по кои критериуми и по кои правила ќе се врши таа проценка и како ќе им сугерирате на единиците кои што се корисници на буџетски средства да вршат проценка за вредноста на договорите за јавни набавки. Кога вие распишувате тендер со претходниот Закон имаше обврска да ја предвидите вредноста, но на кој начин, навистина ме интересира и по кој критериум ќе ги вршите и ќе ги определувате критериумите за проценување на вредноста на договорите за јавни набавки. Нека се работи за услуги, нека се работи за стоики, нека се работи за градежни зафати, навистина, не знам на кој начин ќе го наоправите тоа и каква е таа уредба со која што вие ќе го определите начинот на утврдување на договорите, односно на вредноста на договорите за јавни набавки.

Исто така, е значајно и тоа што во рамките на закон навистина, предвидувате повеќе постапки за јавни набавки, но тука мора да изреагираме за одредени процедури, затоа што сметаме дека можеби можеле и подобро да бидат решени во законот.

На пример, можноста месечната набавка до 500 евра да се врши без објавување на постапка за јавни набавки и во тој случај се отвора тука простор 12 месеци по 500 евра, некаде околу 6 илјади евра да се вршат набавки без објавување на една од постапките предвидени со овој закон, што е огромна можност или простор оставате на субјективноста и на проценката на одредени раководни лица, кои што можат тоа право и да го злоупотребат и повторно тука Бирото за јавни набавки, или нема да има орган, кој што ќе врши директна контрола дали оваа јавна набавк не се однесува можеби на ист предмет на набавка, па решил раководниот орган да изврши поединечно месечно по 500 евра, бидејки во овој случај ја укинувате таа надлежност на Бирото за јавни набавки.

Понатака, исто така го зголемувате прагот за објавување на постапка за набавки од мала вредност, од 3 илјади до 5 илјади евра годишно, што исто така остава голем простор за манипулации или за злоупотреба на ова право. Исто во Бирото за јавни набавки, сега таму се доставуваа плановите, но немаше контрола и на овие постапки како се спроведуваат и во Извештајот е наведено дека немаат податоци по основ на овие постапки за јавни набавки. Навистина и со ова предлог законско решение, оставате големи можности за злоупотреба за манипулација и не знам на кој начин ќе се контролира целава постапка, ако земеме дека има голем број на единки корисници на буџетски средства, кои сега ќе можат до 5 илјади евра да вршат набавки без да објават една од постапките за спроведување на јавни набавки. Тоа е нешто што од една страна ја симнувате контролата, а од друга страна дозволувате да се зголемува цензусот по кој што некој ќе може поединечно до 5 илјади евра да решава без тендер.

По однос на другите постапки, воведувате неколку прага со овој закон, при тоа главниот мотив тоа го објаснувате со можноста да се скратат одредени рокови, но навистина не е јасно, зошто више ако интенцијата на законот или на директивите од Европската унија е да се скратат роковите околу јавните набавки, не гледам што е разликата дали е набавката до 130 илјади евра или над 130 илјади евра, да се скрати рокот. Можеби како што предвидувате до 15-16 дена во законот, навистина не ми е јасно, ако се работи за набавка, се работи или за предмет или за услуга или за градежни работи и

тука вредноста не игра голема улога при подготвувањето на техничката документација за да се конкурира на тендер. Едноставно проблемот беше да се соберат сите потребни документи, во однос на исполнувањето на економските критетируми, во однос на техничката спецификација, докажувањето на техничката способност. Навистина не ми е јасно, се надевам дека ќе сакате да ни објасните, зошто не ги симнувате сите рокови генерално во рамките на законот, без оглед на вредноста ја јавната набавка ако веќе проценувате дека постои можност сите овие постапки да се вршат за пократко време.

Исто така, добро е што во законот предвидувате за дејностите или за фирмите кои што се занимаваат со дејности како што се водоснабдување, енергетика, транспорт, поштенски услуги да го регулирате начинот на кој што тие ќе можат да вршат постапки за јавни набавки, бидејки тие до сега во Законот постојниот, имаат две можности до 100 илјади евра да вршат набавки без да се објавува јавен оглас, па мислам дека имаше многу недоречености во тој дел, и сега е добро што тоа го правите, се надевам нема да ни се случува во енергетскиот сектор како до сега осигурувањето да се врши без постапки за јавни набавки. Но значително во овој дел ќе им ја олесните работата на овие претпријатија, кои што бидејки вршат дејности од јавен интерес, ќе имаат потреба по долгорочно или наеднаш да извршат набавки во поголема вредност, бидјеки и потребите кои што можат да се јават во текот на нивно работење се исто така можат да бидат од поголема вредност.

Друга забелешка ми е посебно во делот на законот, е тоа што во делот на докажувањето на економската способност на кандидатите или вие како што ги нарекувате економските оператори, е оставена можноста на оној што распишува тендер да биде селективен при барањето на потребните документи со кој што ќе се докаже способнсота на оној кој што конкурира на јавниот оглас.

Ако до сега беше задолжително да се доставуваат извештаи од Централниот регистер за бонитет од Судот, дека не е поведена постапка за стечај или ликвидација, дека не е извршена забрана за вршење на дејност. Сега вие тука во еден член, само со едно зборче “може,” значи дека не мора да се бара од нив да достават такви документи. Навистина, оставате еден простор во кој што може некој без да достави документи за економска способност да добие тендер, а потоа да не може истиот да го изврши. Не знам каква е вашата идеа со ова законско решение, но навистина, имаме амандман по однос на ова прашање и треба да биде задолжително да се доставуваат документите за еконопмската способност на економските оператори, за да можат да учествуваат на тендерот.

Исто така, во однос на постапките, тука оставате можност, ако некој распишал тендер за одреден предмет за јавни набавки, до колку некој понуди друг предмет, кој што одговара на техничките спецификации, да не може таа понуда да се отфрли.

Навистина уше една можност за внесување нејасности во постапките за јавни набавки затоа што ако вие барате одреден предмет и сега некој друг ви понуди, треба да ве убедува дека вие тоа што го барате можеби не одговара или одговара на тој предмет и му оставате можност да не може да му ја одбиете понудата,значи тој може да се жали до Државната комисија, да се поведат постапки и целата набавка да се одолговлече.

Ако е целта на законот да се скратат постапките, тогаш навистина оставете простор или овој член избришете го од законот. Не знам какви се можности можат да се отворат во пракса ако ви понудат нешто што можеби на тендерот не сте го барале, ќе дојде некој и ви рече слушај, ова што го бараш ние може да ти го понудиме само поинаку. Не можеш понудата да ја одбиеше, мораш да ја земеш во предвид при евалуацијата на истите.

Исто така мислам дека во делот на постапките со преговарање давате многу голема слобода на субјектите кои ќе вршат постапки за јавни набавки, тоа не е добро, бидејќи навистина без да има контрола на овие постапки се доведува во прашање исправноста на сите нив. Ако во извештајот на Бирото за јавни набавки од минатата година стои дека по основ на постапка со преговарање се склучени договори во вкупна вредност од 2.700.000.000 денари, сега вие оставате постапка оваа сума значително да се зголеми без, како што беше до сега, Бирото за јавни набавки да дава согласност кога се исполнети условите за набавка со непосредни преговори.

Би сакал навистина ова да го објасните, бидејќи се работи за големи суби на пари, пари на граѓаните кои сега можат одредени институции кои распишуваат тендери да направат одредени постапки за јавни набавки кои нема да доведат до избор на негов поволен понудувач и притоа да одат на постапка со преговарање, без да бараат согласност од Бирото за јавни набавки.

Тука е клучната поента ако имаме во предвид дека се работи за огромна сума на пари на граѓаните и навистина би требало да се отвори сериозна дебата по однос на ова решение во законот каде оставате простор да се вршат јавни набавки со непосредна спогодба без никој да ги контролира истите или да дава согласност дали се исполнети условите да се оди на оваа постапка. Тоа е голем пропуст на овој закон, без оглед дали се работи за усогласување на овој закон со директивите на Европската унија, навистина е малку проблематично околу примената на оваа одредба од законот.

Во делот на електронската аукција исто така едно ново решение. Во стариот закон или во измените

и дополнувањата кои ги предложивте, беше предвидено само цената да може да биде предмет на електронска аукција, сега со овој закон предвидувате сите критериуми кои можат да се квантифицираат да можат да бидат предмет на електронска аукција, но тука останува прашањето околу контролата и дали не е добро оваа постапка на електронска аукција да се врши преку единствен систем преку Бирото за јавни набавки. Мислам дека тука ќе треба за овој член малку да ја одложите примената, додека Бирото за јавни набавки не стане способно, електронски, преку неговиот систем за електронски јавни нбавки да се вршат електронските аукции, бидејќи во спротивно оставате простор за одредени манипулации.

Тука исто така во делот на електронската аукција е предвидено евалуацијата на понудите, ако добро чинам, да не се врши во присуство на сите понудувачи, туку тоа да го изврши органот кој што распишал тендер, а потоа да ги извести понудувачите дека се прифатени нивните понуди и дека можат да учествуваат во електронската аукција.

Уште еден простор, уште една можност за манипулации, бидејќи ако една од целите на Законот за јавни набавки е да се обезбеди транспаретност, тогаш главните услови за да се обезбеди транспарентност беше токму јавното отварање на понудите кое што мораше да биде назначено во објавувањето на тендерот, дека отварањето се врши на тоа место и на тој датум. Сега оставате можност да не се врши јавно отварање на понудите и можност, до колку некој не доставил комплетна документација, повторно, без да има орган кој што ќе го контролира целиот процес да влезе во постапка за јавни набавки и да се вршат повторно сериозни прекршувања на овој закон.

Исто така, би сакал да прокоментирам околу Државната комисија за жалби по јавни набавки. Добро е што планирате таа да биде самостоен орган, но тука има еден вакум простор, кој би сакал да ни го објасните, а тоа е дека во законот предвидувате тој да почне да важи од 1 јануари 2008 година, а Државната комисија за жалби, да очне да работи од 1.07.2008 година. Значи еден простор од шест месеци во кој што, не знам како ќе се постапува по однос на жалбите за спроведените постапки за јавни набавки. Би сакал да го објасните тоа, дали ќе важи старата Комисија да продолжи да работи за жалби по јавни набавки, или ќе има еден вакум во кој што ќе неможе некој да постапи по однос на забелешките, до колку ги има на одредена процедура.

Значи со овој закон, иако се врши усогласување со законодавството на Европската унија, има одредени законски решенија со кои што вие оставате голем простор за манипулации, голем простор за злоупотреба на парите на граѓаните, пред се во делот на Бирото за јавни набавки, значи не му ја зголемувате надлежноста и не го правите самостоен орган во рамките на државата во делот на отварањето на јавните понуди, во делот на предвидувањето на повеќе постапки за јавни набавки со кои што не е оставена можноста и не се доволно прецизирани тендерските правила кои што треба да важат за сите понудувачи и на крајот по однос на можноста да се поднесе жалба по однос на целата постапка, оставате простор да нема контрола. Го префлате тоа на Државниот завод за ревизија кој што има доста обемна работа и постои можност, не сите буџетски корисници да бидат дел од оваа ревизија и мислам дека е голем пропуст на овој закон и дека сеуште можеби не се исполнети условите во Република Македонија да вака се оставаат простори или многу слободно се дефинираат постапките и критериумите кои што треба да бидат исполнети. Навистина има простор за големи манипулации и во текот на амандманската расправа, се надевам министре дека ќе прифатите дел од нашите амандмани, се со цел да се подобрат законските решенија во Законот за јавни набавки, да имаме еден закон кој што ќе биде многу појасен и многу поконцизен, бидејќи овој Предлог на закон е многу понејасен во однос на претходниот, каде што јасно беа структуирани главите и постапките, а овде за иста работа на три места во законот имате членови и може да се толкува многу субјективно кој член, кога ќе се примени и во која постапка за јавни набавки. Затоа очекувам во текот на амандманската расправа да прифатите и дел од нашите амандмани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега на ред за збор е Герамитчиоски Тале.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам почитуван претседател, почитуван министер, колеги пратеници.

Значи како што се чита од експозето на минситерот за финансии, Владата се решила на еден чекор на потреба од донесување на нов закон за јавни набавки кој што произлегува од препораките и одредените забелешки кои што после експертизата, претставниците од Европската комисија ги доставиле до Владата. Значи потребата за усогласување со европските директиви во делот на законот за јавни набавки.

Дозволете во некоку минути да го искажам своето размислување по мое мислење, користејќи го искуството кое што сум го имал во оваа област. Пропуштена е ретка прилика да се направи исчекор повеќе и покрај забелешките кои што Европската комисија ги има доставено преку експертизата за усогласување на македонската со европската легислатива, да се направи исчекор повеќе и во отстранување на огромните недоречености кои што во Законот за јавни набавки постоеле и постојано се злоупотребуваат и се создаваат елементи на коруптивно однесување на носителите, пред се на извршната власт, и во делот на министерствата и во делот на јавните институции.

Ова мое тврдење ќе го елаборирам со неколку примери. Значи каква е сегшната состојба при

имплементирање на Законот за јавни набавки и дали Законот за јавни набавки се покажа како успешен во делот откако беше изгласан и откако се утврдија новите рокови на отворање на тендерска постапка, доставување на потребната документација, изборот на најповолен понудувач, жалбената постапка и тн.

Значи, дебатата за ребалансот на Буџетот отвори многу дилеми и тоа последната дебата која во петокот заврши.

Евидентно е дека некои министерства, ќе почнам со нив, покажуваат огромна неспособност при имплементација на одредбите од Законот за јавни набавки со што и Министерството за финансии односно Владата ја потврди нивната неспособност одземајќи им огромни суми на средства кои им беа доделувани во Буџетот пред се за капитални инвестиции, но и за тековни трошоци.

Земете го на пример Министерството за животна средина и просторно планирање во кое, без малку, за капитални инвестиции во одредени сегменти им беа одземени 25 милиони кои само пред два месеци со Ребалансот на Буџетот беа потврдени во делот на санација на слечишта, во делот на жешки еколошки точки, во Министерството за транспорт и врски пречистителните станици и тн. Станува збор за голема сума на средства од околу 60 милиони денари кои беа предвидени за капитални инвестиции во кои за нивна реализација беше потребно соодветна тендерска постапка, согласно Законот за јавни набавки.

На прашањата зошто се пристапува кон такво нешто, очигледно е дека министерствата не одговориле на задачата за реализација, согласно Законот за јавни набавки.

Мојата главна теза во оваа дискусија е, почитуван министер, ова што сте го предложиле во усогласување на постојниот Закон држи вода, но исто така потребна е поширока анализа на потребните чекори за минимално доведување до опасност на реализирање на потребните исчекори во делот на реализација на постојниот закон, во делот на тендерските постапки. Мојата главна поента е дека откако Законот за јавните набавки се рализира, мислам дека е недвосмислен заклучокот дека администрацијата ги нема потребните капацитети за реализација на одредени одредби од Законот за јавни набавки.

Прво, во делот на постапката за планирање на буџетските средства. Евидентно е дека недостасува една огромна постапка за дополнителна едукација на кадарот по министерствата и во јавните претпријатија, бидејќи очигледно дека при планирање на буџетските средства или се преамбициозни во реализирање на некои проекти или тие проекти на сила им се натурени иако знаеле дека немаат капацитети да ги спроведат, сепак ги прифатиле и ги вовеле во нивните програми кои Владата најчесто преку владини програми ги усвојува, немаат капацитети да утврдат правилна динамика за реализација на трошење на тие буџетски средства, немаат капацитет за правилно децидирање на тендерските постапки, согласно Законот за јавни набавки или немаат ни стручни ниту правни капацитети за да правилно ги прочитаат одредбите од Законот за јавни набавки и правилно да ги преточат во отворениот јавен повик, согласно законските прописи.

Имаме ситуација каква што имаме, реализација на буџетски средства заклучно со септември 2007 година, за тековната буџетска година до 30%. Јас мислам дека тоа како Влада, пред се, треба да ве загрижи и вас како министер за финансии не знам дали испраќате писма на предупредување до потрошувачите, до министерствата, до другите правни субјекти кои ги трошат буџетските средства дека е потребно да се пристапи кон поажурно реализирање на динамиката која тие ја зацртале.

Сега тука внесувате една одредба, се воведуваат нови постапки за јавни набавки, меѓутоа, постапка за јавна набавка со преговарање, со претходно објавување на оглас, конкурентен дијалог и барање за прибирање на понуди кое треба да ја замени сегашната набавка од мала вредност и кое воведува значително поголема флексибилност од постојните решенија при што е запазен принципот на транспарентност. Мислам дека на мала врата отворате нови можности за коруптивно однесување на субјектите кои на овој или на оној начин ја злоупотребуваат тендерската постапка.

Само за илустрација, што ќе кажете во делот на трошењето на средствата кои ги доделивте за санација на одредени објекти за ревитализација на новиот Државен универзитет во Штип, во кој само на последната тендерска постапка, известувањето го дал претседателот на Комисијата за јавни набавки има две фирми кои се во блиски роднински врски со ректорот кој го извршил изборот. Значи, едниот е вујко, другиот носител на фирмата е вујна иако се во брачна заедница си направиле две фирми и си добиле на тендерската постапка директно од оној кој го врши изборот. Транспарентноста е запазена? Дали има санкционирање од страна на Владата и Министерството, во крајна линија нека биде политичко санкционирање, бидејќи очигледно е политизацијата во тој дел на создавање на Штипскиот универзитет и те како е отворена на голема врата.

Што станува со либерализацијата на пазарот на електрична енергија, она што го најавувате срамежливо, кое што ќе траба да се преточи во сакон. Значи една од потребите на изменување на Законот за јавни набавки кој што во вашето експозе е во меѓудругото или регулирање на одредени недоследности во секоторите за водоснабдување, енергетика, транспорт и поштенски услуги. Па ние во изминатиот месец барем некоку афери отворивме со транспарентноста или транспарентното спроведување на тендерската постапка во делот и на транспортот, доделување на градежно

земјиште, и на поштенските услуиги, и на водоснабдувањето, и на енергетскиот сектор.

И допрва следи, значи голем скок во делот на енергетиката, со најавената либерализација на увоз на електрична енергија која што големите потрошувачи ќе треба на извесен начин да ја купуваат,, како што е најавено, со непосредни спогодби. Тоа е малку неблагодарно да се зборува однапред, но за ден, два мислам дека тој закон ќе дојде во собраниска процедура, ќе можеме подетално да елаборираме што Владата мислела со тие одредени решенија, но е директно во колерација со ова што денеска ни го предложиле. Значи одредено уредување на одредени пропусти во сферата на енегретскиот сектор.

Настрана од тоа што во одредени делови, на пример, за поштенските услуги нема регулаторно тело кој ќе ги одредува цените кога регулаторното тело не е уште формирано, бидејќи законот за поштенски услуги иако е поставен како некоја точка на дневен ред, прашање дали до крајот на оваа година ќе биде донесен. Значи, како, кој ќе ги одредува цените при имплементација на ова законско решение кое што денеска, еве би се усвоило?

Се на се, мислам дека главниот проблем не е во законските решенија кои што се дефинирани во законот. Главниот проблем е во читањето или толкувањето или имплементацијата на законските решенија од страна на корисниците на буџетските средства и нивната употреба односно злоупотреба. Според тоа, јас не гледам некоја активност на дополнителна едукација на администрацијата која што треба, согласност овие законски прописи, да одговори на предизвикот. Колку ќе биде таа успешна се гледа многу едноставно при усвојување на ребаланс на Буџетот  односно завршната сметка односно трошењето на буџетските средства од поедините субјекти колку биле успешни, колку биле транспарентни и колку навремено ги реализирале зацртаните проекти кои што или на Собранискиот дом биле усвоени или пак на владини седници, дали станува збор за владини програми.

Транспарентноста, не можете да се пофалите во однос на транспарентноста, бидејќи согласно со Законот за непречен пристап до информации секојдневно во јавните информатини гласила поединци и институции се жалат дека не можат да ги добијат потребниот пристап на информации или оние бараните информации со кои што може да се утврди дали се оштетена стртана или не во тендерските постапки не можат да ги добијат.

Второстепената владина комисија која што досега функционираше партиски или политички, на коалиционите партнери, со поделба на сферите на интересите, успешно ги отфрлаше сите овие жалби кои што на оправдани или неоправдан начин беа доставувани. Да не зборуваме за ситните, кои што ниту пак во јавните информативни гласила најдоа свое место. Зборуваме за крупните, за продажбата на ТЕЦ Неготино или за закупување на потребната количина на мазут за ТЕЦ Неготино од страна на Владата итн. Или за избор на најповолна фирма за осигурување на ЕЛЕМ кој што упорно, спротивно на Законот за јавни, набавки беше нарушувана и немаше отчет од страна на првите луѓе или одговорност пред Владата ниту пак некој побара од нивна страна.

Јас можам да констатирам, тоа  е мое мислење дека овие измени ќе бидат усвоени, ќе добиете на хартија перфектен закон, закон кој според постоечките услови во Република Македонија нема да биде применлив и ќе биде целосно злоупотребуван како што и досега бил злоупотребуван. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се обидам да прокоментирам,  можеби, се извинувам што дел ќе се повторам со делот на моите колеги од пратеничката група од СДСМ, но и да поставиме некои нови прашања односно овој Предлог закон за јавни набавки.

Имено, веројатно од листата на закони кои ги имавме усогласени како приоритет на координацијата, прво требаше да оди 41-та седница, веројатно кога се преишло со ваше закажување на 56-тата, можевме да насетиме што е судбината на законот од 41-тата седница иако формално немаме во овој момент допис од Владата дека го повлекува тој закон, иако листата на седници што заеднички ја имавме договорено зборуваше дека ќе се оди на 41-тата седница. Но, тоа е сликата што владее тука во Парламентот и тука не можеме таа слика да ја промениме.

Законот за јавни набавки е веројатно  еден од најсуптилните закони затоа што согласно неговата примена или непримена се гради рејтингот на одредена Влада или одредени институции, но пред се на одредена Влада. Затоа, како оваа Влада го применувала во изминатата година овој закон најдобро зборува и анкетата од Институтот за демократија каде што на прашањето дали во Македонија денес споредено со состојбите од пред една година има повеќе или помалку корупција 58,8% од граѓаните рекле имале повеќе или исто, а само 18,3% рекле дека има помалку, што самата перцепција на граѓаните кажува дека на кој начин се работи од страна на Владата во процесот на јавни набавки, бидејќи тие се најголемиот извор на корупција.

Или пак да ја цитирам од денешниот весник госпоѓата Слаѓана Тасева која што, зборувајќи за односот со Владата кон борбата против корупција и транспарентноста, ќе вели и вели односно цитирам: “настанот го пропуштија сите оние што се сликаат со кампањата за борба против корупција и што прокламарт дека направиле разлика само за една година и овој пат заборавија дека борбата против корупцијата не се одвива со декрет и со кампања во која кажуваме колку сме биле добри”.

Налет друго што Владата лаже за тој напредок бидејќи и јасно беше дека таа анализа беше направена за 2005-2006 година во кој што Владата можеби учествува со една четвртина. Но, она што останува и се уште лебди во јавноста е дека борбата против корупцијата не се води со прескапи кампањи за кои што граѓаните на Република Македонија веројатно ќе дочекаат 2010 година да дознаеме колку чинеле и не само ова туку редица други камапњи, но зборувам за кампањите кои се поврзани со Законот за јавни набавки, бидејќи тие Владата се реши со една своја кампања да ги навреди или да ги изедначи сите лекари, професори, цариници, полицајци во Република Македонија на тој начин да добие некој поен, а всушност не знам на што се однесува сето тоа.

Затоа законот што го предложи, мислам дека господинот Николов тоа најубаво го кажа е намерно конфузно направен, намерно е испомешан и намерно е недоречен. За да ги прикрие сите оние активности што Владата ги прави сега, а нема законска поткрепа за сето тоа. Сме зборувале многу пати и сегашниот закон за јавни набавки кој што го поминал мониторингот и биле усогласени ти директиви во тој момент со Европската унија или бил изработен заедно со Светската банка, нуди можност која што вскушност, се ограничува можноста некој да прави некои работи кои што не се во согласност со законот. Но тоа не им сметало на многу луѓе да направат серија активности кои довеле до ова граѓаните 58,8% мислат дека има во однос на една година повеќе корупција отколку во минатата година. Владата се реши да го направи овој закон така не за да го, само еден пример, реши проблемот во енергетиката туку напротив, да го легализира што во оној момент незаконско го прават некои фирми од најтесното опкружување на премиерот.

Второ, законот е така даден и така е направен за да ги избегне мониторизните од Светската банка кои што биле учесници во изработката на првиот закон, а учествувале во подготовка на овој или припремите на измена на овој закон, за жал, според изјавите од Светската банка кои се појавија во средствата за информирање за законот дознале од медиумите не бил дел од некоја соработка и останува нејасно зошто е тоа направено, а вицепремиерот Ставрески вината за таа некооридинираност ја префрлува на Министерството за финансии како предлагач на законот. Одговорот од ресорот за финансии е дека во 2005 било потребно зелено светло од Светската банка, а сега, замислете каква небулоза, вика Европската унија е наш императив. Во ниедна постапка се уште не видовме дека Европската унија е императив за оваа Влада. За жал, иако експетите на Светската банка работеле на рефреширање на овој закон и на анализа на досегашните позитивни и негативни импликации од досегашниот закон, за жал, Владата се реши да ги избегне и да не координира со нив. Од друга страна тоа го зборувавме еднаш кога се отвори расправа со Законот за јавни набавки, само за измените на законот кој што во Собранието се уште рековме не знаеме дали се во сила или не, влезе во една дисхармонија со она што Владата во март месец го има донесено во усогласувањето на законодавството со Европската унија. А тоа е, иако се бара зацврстување или појака институционална форма на бирото за јавни набавки, за жал, дел од функциите овде се одземаат од бирото, бирото има некоја повеќе технички или филтер на задачи што ги има, а нема реална моќ што треба и согласно европските пораки, но и согласно одлуката што самата Влада ја има донесено во извештајот или во акцискиот план со усогласување со европското законодавство. Нема ниту зголемен број на вработени, нема ниту зголемен број експерти од таа област, зголемени ингеренции, а напротив досегашните на пример, досегашните набавки што се вршеле за кој што немало потреба да се применува овој закон, а порано биле средствата во согласност со Бирото или за тоа се барало одобрение од Бирото на повеќе места со овој Предлог на закон се заменети со Владата. Владата ја има таа своја активност на монополизирање на се што може и да стави рака на се и тоа го прави во овој случај. Наместо органот што треба да врши набавка да го извести Бирото и тоа како независна институција тоа да го процени, за жал, се одзема таа ингеренција и се префрлува на Владата.

Второ, пак од друга страна во описот на работите што ги има Бирото за јавни набавки па му се дава таа ингеренција и мислам дека членовите 9 и 12 тука се контрадикторни.

Зошто Владата го или што Владата сака да прикрие со овој закон. Тоа е дека ги зголемува непосредните набавки од 3.000 на 5.000 евра, ги зголемува месечни непосредни набавки или ги воведува како 500 евра, што на крај како што рече и колегата Николов ќе стигне до 6.000 евра што е над 5.000 евра, воведува различени методологии и постапки за исти или за многу слични набавки и во таков еден хаос треба да поминат и 100 илјади компјутери кои никако да стигнат, сега очигледно тие ќе ги префлат на апсолвентите бидејќи во основните школи не стигнаа. Не знам до каде е овде со амандманот што го усвоивме мрежата што требаше да се прави во Собранието не знам до каде е таа постапка. Ќе треба продукцијата и емитувањето на кампањата да биде промпно, така да Владата кога ќе дознае во петок нешто во сабота веднаш треба да има нова капмања и веројатно за капмања е скратен тој рок на 24 часа за да може Владата да ги задоволи своите изработувачи на кампањата за да може сега за сега, колку што пратиме ние 90% од тендерите ги имаат добиено. Колку за дигресија ќе се даде една кампања на некој друг и да го прикрие во овој момент она што е најунесен бизнис за Владата, а тоа е увозот на електричната енергија.

Според новиот закон тој дел е уфрлен во делот на секторски договори. За набавката во делот на енергетиката нема потреба од конкурс за набавка до 200 илјади евра за изведување на работи во износ од 4 милиони евра.

Знаеме што се Владата се обиде во оваа година дена да направи од тоа што се обиде да изнајми една цела термоцентрала Осломеј по пат на изнајмување под кирија во рок од 10 дена, или пак рашомонијата што постои околу ТЕЦ Неготино.

Веројатно најчестите падови на РЕК Битола, за да може исто така неверојатно многу и често да увезуваме електрична енергија и не за џабе целата оваа работа што се прави оди во прилог тој дел да се контролира и откако многу блискиот влијателен поранешен комшија на господинот Груевски, доколку живее сега на Бихаќка премиерот, Здравев е поставен за директор на МЕПСО за да може целото тоа да се операционализира. Сега фали законот и сега го имаме тој конфузен закон кој во цела глава се обидува да го реши тој проблем или во членовите од 192, 193, 194.

Останува дилемата дали овој закон е во согласност со Законот за енергетика и каква е улогата на Регулаторната комисија за енергетика ако овој закон го третираме надвор од другите закони во Република Македонија односно ако не е усогласен со Законот за енергетика.

Под закрила на некои дефиниции од страна на Европската унија, и под закрила да се реши воведувањето на правилото за енергетиката за транспорт, поштенски услуги и истражување, за што укажувавме минатиот пат кога дојде оној закон, Владата се обидува да вметне неколку црни дупки во кои ќе може да се реализира голем број на активности.

Остаува дилемата дали во однос на електронската аукција Бирото го има завршено целата инфраструктура од хардверски и софтверски аспект и дали од 8 октомври до 1 јануари по кој закон целата таа постпака за решавање на софтверската и хардверската инфраструктура ќе заврши за да може да очекуваме дека ќе имаме систем кој ќе биде заштитен и безбеден, согласно светските стандарди кои ќе го гарантираат тоа.

Беше спомнато, јас сакам да го нагласам уште еднаш, во цела палета на закони што ги имаме во овој момент, законот од 41-та седница отпаѓа, во преодните и завршните одредби имаме еден член каде што со денот на отпочнување на примената на овој закон престанува да важи Законот за јавни набавки број 19/2004 и 109/2005, но во еден друг член се предвидува до формирањето на државната комисија, а тоа е 30 јуни 2008 година жалбите да се решаваат по Законот што се укинува. Останува длемата дали е ова возможно правно. Инаку, јасна е намерата, Комисијата до 30 јуни треба да си ја врши истата работа што ја вршела и до сега, а тоа е како за Самитот на НАТО на пример да ги поништува сите жалби да се дојде до прворангираниот и најскапиот или како што е најновиот гаф, што не мислам дека е гаф, туку е намерно, а тоа е Одлуката на второстепената жалба да се поништи. Одлукаа на Агенцијата за електронски комуникации за избор на компанијата која ќе го изработува намбр портабилитито на жалба на една компанија во одлуката стои дека некоја трета што воопшто не се зажела, не требала да биде елиминирана.

Не сакам да кажам колку таа фирма што е фаворизирана во овој момент од страна на Владата, но откако Владата со серија притисоци не успеа во Собранието со серија на закони и со доста политички шлаканици што ги доби од Европската унија, да го смени директорот за Електронски комуникации, тоа го направи со серија притисоци во однос на членовите на Комисијата за електронски комуникации. Тоа беше првата фаза, а сега втората фаза, бидејќи компанијата што не го добила она што го замислила Владата се поништува одлуката на жалба на компанија која воопшто не се жалела. Затоа до 30 јуни 2008 година, без разлика што ќе нема законска основа, јасно ни е што ќе прави второстепената комисија за жалби по јавните набавки на Владата, ќе ги елиминира сите оние компании кои не им се допаѓаат на Владата со единствена цел да се стигне до компанијата која така си замислила Владата, треба да победи на одреден тендер.

Дел од јавните набавки од досегашниот закон, а со измените беше предложено, законот да не важи за набавки во говорната телефонија, во фиксната телефонија така што не знам сега дел од телекомуникации како ќе влезе во овој закон, се надевам дека тој обид да нема набавки во однос на фиксната телефонија ќе се поништи, бидејќи конкуренцијата постои, има уште една компанија која тоа го нуди и мислам дека можеби е мој пропуст, би сакал да дознам дали и фиксната телефонија спаѓа во делот на набавките по овој закон за јавни набавки и да очекувам дека тоа како што го направи коректно Собранието со мобилната телефонија, да влеземе во еден процес на набавки или на прибирање на понуди за фиксната телефонија.

Во делот на Комисијата за жалби која треба да профункционира од 30 јуни, пропуштив тоа да го кажам, добро е што се дава Собранието тоа да го направи, но во услови кога знаеме дека тоа ќе биде преку Комисијата за прашања на изборите и именувањата, знаеме како ќе заврши, ќе се поделат коалиционите партнери од власта со свои луѓе и тие ќе ни бидат понудени за да Владата и тука има контрола, бидејќи не постои сегмент од општеството каде Владата не сака да има контрола во членот 205, Владата си предлага одреден член односно претседателот или членот на Државната комисија пред истекот на мандатот може да се случи ако за тоа Предлог за разрешување може да поднесе и Владата. Сега, без разлика што Владата не учествува во процесот на бирање, тие се јавуваат на конкурс,

ги бира Собранието на Предлог на парламентарното мнозинство, веројатно и на господинот Трајко Вељановски од Комисијата за избор и именување ама за да има притисок и да знае како ќе одлучува таа комисија Владата си остава капиџик за да може да зборува или да врши притисок со барање за разрешување на неговиот претседател и одреден член.

Јас не знам дали е правнички во ред Комисија што е избрана од Собранието по пат на конкурс да може да биде предлог за разрешување да поведе Владата, но политички апсолутно еднакво на политички притисок што сака Владата да го прави. Успеа со политички притисок да ги елиминира сите што учествуваат во контролата на трошењето на државните средства, директорот на Државниот завод за ревизија се повлече, тие што сметаа се повлекоа што требаше да бидат некаков баланс во енергетскиот сектор иако се членови на ВМРО ДПМНЕ се разрешија, тие што сакаа да прават обид да се заштити и да се остави малку од малку во делот на телекомуникациите Владата со притисок ги разреши и сега Владата сака да си остави, во овој дел, случајно ако не помине тоа кај Бирото, случајно нивната компанија што треба да победи да не пројде во второстепената комисија односно во Државната комисија за жалби. Е, ако таа не слуша, тогаш Владата ќе си поведе постапка за разрешуање и на тој начин ќе прави притисок. Граѓаните тоа го ценат и да не не чуди што и претседателката на нулта корупција, на транспарентност нулта корупција ќе каже во денешната колумна дека Владата сака само да се слика пред својот постер за борба против корупција што не знаеме колку чини, сака да се фали со нешто што е направено во 2005 и 2006 година, не не знаеме колку чини сета оваа работа што сега ја први и за тоа да не се чудиме што 58,8 граѓани наспроти 18,3 сметаат дека во Република Македонија има исто и повеќе корупција.

Делот што се однесува на член 8 каде законот не се применува при доделување на договори за јавни набавки за предмет купување или изнајмување на земиште, згради и друг недвижен имот веројатно е дел од обидот, Владата можеби ќе рече овој закон да важи ретроактивно, па да може господинот Миле Јанакиески да се спаси од одлуката што ја донесе надвор од тендерот, да го додели плацот за изградба на хотел на Нон Неим Компанија која не ги исполнувала условите од тендерот. Можеби ќе каже дека овој член не важи за министри од ВМРО ДПМНЕ, не би ме изненадило и тоа, но во случај и услови кога Светската банка е зачудена од овој предлог, кога кај граѓаните, но и кај организациите кои се задолжени за контрола на трошењето на државните пари има сомнеж кон политичката волја и решеност оваа Влада да работи согласно законите во Република Македонија, ваквиот конфузен закон само ќе овозможи некои лица со помош на непосредни јавни набавки кои може да ги прави секој месец по 500 евра со скратени рокови, со купување на струја без да праша никој за 200 илјади евра, или 4 милиони евра или да ги бајпасира, согласно законот за енергетика оние што можат да увезуваат или да трансферираат или пренесуваат гас, а овој закон ќе им овозможи некој друг надвор од Законот за енергетика тоа да го прави, ќе ги понуди ваков конфузен закон, недоречен, повикувајќи се само на преведени дефиниции од европските директиви, понекогаш некоректни, според мене, но не е проблемот лингвистички, проблемот е политички за немањето политичка волја оваа Влада да се бори против корупцијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Во интерес на дебатата сега ќе добиете едно писмо, не е умножено, но во интерес на дебатата сакам да ве известам дека денес во 10,58 часот добивме писмо од Владата со кое таа го повлекува од собраниска постапка Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, со Предлог на закон.

Тоа е она што ние го имаме овде како 45-та седница.

На ред е за збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе, почитуван претставник на Владата, колеги пратеници,

Навистина денес пред нас имаме еден закон кој се однесува на една материја која е многу значајна за правилно функционирање на органите на управата, посебно кога станува збор за трошење на финансиски средства кои се обезбедени во Буџетот и за тоа сметам дека со посебно внимание треба да го разгледаме овој текст на законот и да се одлучиме за тоа дали ќе го поддржиме истиот или не.

На почетокот би сакала да кажам, да прочитам дел од причините што Владата ги наведува како причина за донесување на овој Предлог за донесување на закон со Предлог на закон за јавни набавки, бидејќи во она што пред нас го имаме се оценува дека донесувањето на новиот закон за јавни набавки на Република Македонија се темели на обврските за усогласување на нашето законодавство со Законодавството на Европската унија како и општите принципи и начела на јавните набавки преку кои треба да се обезбеди слободна конкуренција во јавните набавки.

Исто така е наведено дека Законот за јавни набавки претставува значајно средство против девијантните појави во нашето општество, што значи дека има карактер на антикорупциски закон.

Со донесувањето на овој закон би требало да се отстанат можносите од злоупотреба на набавките од страна на договорните страни за лични цели и да се попречат евентуалните негативни појави изразени на материјален план преку истакнување на имотната корист.

Исто во образложение стои дека јавните набавки претставуваат значаен сегмент на капиталните расходи и на вкупната јавна потрошувачка дека имаат многу широко значење во јавните финансии. Тргнуваји од вонфискалните функции вклучувајќи ги оние на стоки и услуги јавните расходи не претставуваат само трошење на финансиски средства, туку се користат и како инструмент за една активна и осмислена политика на поттикнување на развојот, создавање на почетна структура на производството и на пазарот и на зголемувањето на производството и вработеноста.

Исто така во причините стои дека со овој закон се обезбедува зголемување на транспарентноста, конкурентноста и ефикасноста на системот на јавни набавки.

Според поединечна анализа на сите овие причини што се наведени во Законот ниту една од овие што е тука наведена не држи. Владата со своето работење и примената на постојниот закон за јавни набавки покажуваше сосема спротивно работење од она што би требало да постои и од она што еве ни го наведува како причина за донесување на закон.

Кога станува збор за евроинтеграцијата, апсолутно на сите ни е јасно дека овие причини за усогласеност со Европска унија како причина за носењео нови закони Владата го истакнува во многу закони што се носат овде во Собранието, но прави се со крајни напори таквите закони да не дојдат на дневен ред, а и ако дојдат да предизвикаат конфликт помеѓу пратениците, политичките партии и што е можно подоцна да се донесат. Сме имале можност да го водиме на повеќе наврати во изминатата година и тоа е едноставно начин на работење на Владата, бидејќи ги кочи законите за евроинтеграција.

Ќе кажам зошто го мислам ова конкретно кога станува збор за овој закон.

Законот за јавни набавки со Предлог закон, значи Предлогот за донесување ни беше доставен во јуни во една верзија од околу 300 страници вкупен материјал, а некаде 240 члена има само законски текст и остатокот се придружни материјали за носење на законот.

Овој закон беше искористен само да се стави на седница на дневен ред која би требало да почне веднаш по донеставувањето на законот во Собрнаието, но не беше целта на Владата законот брзо да биде донесен и навистина да има усогласување во дел на одредбите со законодавството на Европската унија, тоа на Владата не и падна на памет, бидејќи ако сакаше, бидејќи Владата ги диктира дневните редови овде во Собранието, можеше да се случи до сега за пет месеци по доставувањето на Законот во Собранието. Но, Владата тогаш најде начин како само да ги скрати роковите за поднесување на амандмани, па ни беше овозможено, како што се прави тоа со трикови познати на оние што го раководат Парламентот, ни беше допуштено за толку обемен закон, доставен заедно со Законот за извршување и многу други законски прописи кои се во голем обем, со голем број на страници, амандмани да поднесуваме само во рок од два дена. Значи, не беше целта на Владата во една парламентарна дискусија и во една парламентарна дебата со прифаќање на аргументите на политичките противници да дојдеме до текст на закон кој ќе придонесе за подобра примена на одредбите во пракса, туку напротив, целта беше да се исклучи опозицијата од овој процес. Сега се принудени, со еден мал исклучок на колеги што поднесоа амандмани да дебатираме по текстот по Предлогот за донесување на закон со Предлог закон со огромен број на страници доставен пред нас, меѓутоа, без да можеме нешто конкретно да понудиме за да се смени ова.

Исто така не можам да се согласам дека Владата е инспирирана или многу заинтересирана за креирање на една активна и осмислена политика за поттикнување на развојот и создавање на почетна структура на производството и на пазарот заради тоа што начинот на кој го раководи трошењето на буџетските средства, посебно во делот на капиталните инвестиции во минатата година, покажа тотален неуспех.

Парите наместо да бидат трошени онака како што постојниот Закон за јавни набавки допушта, Владата овозможи со своето неработење на овој план да имаме минситерства каде што по неколку проценти беше потрошен делот кој се однесува на капитални инвестиции, 3 - 4, па дури и оние министерства што имаа потрошено 10 или 12% од капиталните расходи, или расходите за капитални инвестиции, беа на топ листа за најдобри. Значи, за Владата најдобри се министерствата што имаат 10-12% потрошени разходи за капитални инвестиции. Значи тоа е тоа што Владата го прави дефакто и мислам дека тоа треба да го имаме на ум, заради тоа што ние сме Собрание и треба да вршиме надзор над работата на Собранието.

Кога станува збор за закон за кој овде се вели дека има антикорупциски закон и дека ќе ги отстрани можностите од злоупотреба за набавка од страна на договорните страни за лични цели. Ова е потполен апсурд, заради тоа што ваквото толкување, или образложување на причините за носење на овој закон, не коренспондираат со одредбите што се дел од текстот на законот, а подоцна ќе кажам кои се тие делови.

Исто така, е различно помеѓу причините за донесување на закон и одредбите на законот е повикувањетона зголемена транспарентност и конкурентност. Напротив, сметам дека овој закон ја намалува транспарентноста во работата на државните органи кога ќе постапуваат по јавни набавки, исто так ај анамалува и конкурентноста, заради тоа што ги зголемува можностите за склучување на договор со непосредно спогодување. Единствено, може да се согласам дека ќе сија зголеми ефикасноста во системот на јавните набавки, заради тоа што Владата ќе може ефикасно да си ги троши парите, без да води

постапки со јавен тендер, туку ќе склучува непсоредни спогодби со оние кои што се блиски до партиите на власт и онака како што Владата за тоа ќе одлучи за кое што одредена набавка ќе треба да му се овозможи, а тука се согласувам, да ја зголмите ефикасноста. Но ниту едно од другите образложенија за причини не држат.

Еве ќе се обидам да ги кажам и недостатоците, кои што сметам дека ќе ја намалат транспарентност,а но исто так аќе ја зголемат и можноста за ккоруптивно влијание или работење со примената на законот за јавни набавки.

Навистина се чудам, како може Владата толку настојчиво да ги застапува исклучиво своите интереси и во ситуација кога има безброј директиви од Европската унија кои се однесуваат на оваа материја да ни ги дава тие директиви во прилог, за да можеме да се запознаеме со нив, да ги читаме кога ќе зборуваме по текстот на законот, а истовремено, секоја можност која што се користи за отстапување од директивите, тоа да го направи токму на фраглантен начин и многу воочлив во текстот на законот. Една од нив е Бирото за јавни набавки, кое што до сега имаше голема улога во постапката за јавни набавки, бидејки даваше согласност во оние ситуации кога требаше да се направат одредени отстапки од класичните постапки за јавни набавки преку распишување на тендер, заради тоа што тоа го овозможуваше и транспарентното работење, меѓутоа, ја зголемуваше и одговорноста во работењето со финансиските средства.

Наместо лоцираните слабости во изминатиот период, во функционирањето на Бирото за за јавни набавки да биде дополнителен поттик, кој ќе овозможи јакнење институционално на Бирото за јавни набавки и негово осомостојување во работата, што значи поголема независност од Владата и од Министерството за финансии во чиј состав, како и до сега, имаме едно сосема спротивно дефинирање на Бирото за јавни набавки, кое што воиднина ќе треба да биде англиска кралица и ќе биде само евидентичар на она што се случува во сферата ја јавните набавки, што сметам дека апсолутно ќе ја намали и транспарентноста, меѓутоа и желбата за борба против корупцијата ќе ја претвори само во желба, а не и во директно постапување и справување со корупцијата.

Значи, од членот 12 па натаму се одредбите за Бирото за јавни набавки во членот 14 се дефинирани. Во секоја алинеја само може да ги прочитаме зборовите води евиденција, прибира, анализира податоци, утврдува услови за професионални квалификации и т.н.,немам намера да ги прочитам сите надлежности, меѓутоа, ништо од конкретни надлежности кои Бирото ќе го дефинираат во орган кој треба да врши надзор во спроведувањето на јавните набавки, навистина да може да се пофалиме дека имаме желба, но не само желба, туку и дека сакаме нешто да направиме во оваа сфера.

Во дефинирањето на постапките за јавни набавки многу значајно отстапување имаме и во делот кој се однесува на непосредните спогодби. Постапката со преговарање без претходно објавување на оглас е дефинирана во членот 99. Што исто така и до сега постоеше како можност, меѓутоа, со добивање на согласност од страна на Бирото за јавни набавки врз основа на образложение во кои требаше да бидат објаснети причините за итност, или некои други причини што постојат во законот, поради што е потребно и може да се овозможи застапување со преговори без претходно објавување на оглас. Меѓутоа, сега немаме ништо од тоа. Во постапката со преговарање, без претходно објавување на оглас, договрниот орган, спроведува постапка со преговарање, без претходно објавување на оглас, во случај, ког ане е поднесена ниту една понуда во отворена постапка и не е поднесена ниту една пријава за учество во првата фаза на ограничена постапка, под услов да не се сменети првичните услови, кога од технички или уметнички причини, односно причини поврзани со заштита на ексклузивните права, договорот може да го изврши само одреден економски оператор и кога од причини од крајна итност, предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се препишат како пропуст, не може да се примени рокот за пријавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање, со претходно објавување на оглас.

Значи, кога имаме ваква ситуација, овие услови, исполнувањето на овие услови што се предвидени во законот нема кој да го цени. Никој нема да го цени, туку само тој што директно треба да го склучи договорот со непосредно преговарање. Каде е тогаш борбата против корупцијата на која што се повикувате во образложението. Итноста ќе ја цени тој што ќе го потпише договорот со непосредно преговарање. Значи тука го нема зборот во еден важен дел од постапката. Го исклучувате Бирото за јавни набавки. И секој што ќе има потреба од склучување на договори, сам ќе си ја оценува итноста и можете да замислите што ќе се случи. Во пракса ќе имаме премногу постапки, премногу технички или уметнички причини, кои што оној штоја носи одлуката за склучување на договор со преговарање без објавување на оглас, ќе ја носи одлуката за итност. Каде е тука борбата против корупцијата на која што се повикувате. Апсолутно, не постои. Едноставно ја нема. Едноставно во иднина ќе продолжите само да се повикувате на јавниот морал кој во медиумите го истакнува Владата како морална Влада која што не прави ништо незаконско. За тоа ќе ги трошите парите од Буџетот, едно ќе правите во пракса, а сосема нешто друго ќе презентирате пред македонската јавност, нормално со финансиски средства кои што ги трошите од Буџетот или од други извбори за вас познати, со цел да прикажете различни инфорамции пред македонската јавност.

Потоа, постапката со барање за прибирање на понуди. Исто така значајна постапка, која што овозможува договарање со прибирање на понуди, за што до сега беше максималниот износ 3 илјади евра, сега овозможувате ваква постапка да се склучува до 5 илјади евра, што е скоро двојно зголемување на износите. И ако се имаат предвид и другите измени на одредбите кои што ги зголемуваат износите кои што можете во текот на месецот да трошите финансиски средства или постапки со барање за прибирање понуди и т.н., јасно е дека овој закон ќе има тотално отстапување од начелото на транспарентност, зголемување на ефикасноста, меѓутоа, тоа зголемување на ефикасноста ќе биде под наводници во однос на прашањето за борба против корупцијата. Можеби тоа е тоа што Владата сака да го постигне. Жалам, ако Владата сега со изнесувањето на овие аргуемнти се соочува со фактот дека е процирно тоа што е наведено во образложението, но тоа е едноставно, реалната состојба која што можеме да ја констатираме. Потоа, има одредби кои што се однесуваат на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Еве сега, за тоа можам да кажам дека значи усогласување со Европската унија, со директива за координирање на законите, прописите и административните одредби, во врска со примената на постапката за ревизија на доделувањето на договори за јавни набавки и јавни работи.

И во формалниот дел, толку колку што треба, прифаќате од дитективата, меѓутоа сето друго значи отстапување од директивата. Мислам дека не е проблематично прашањето, ако се формира државна комисија за жалби по јавни набавки, чии членови ќе бидат од страна на Собранието на Република Македонија, не се проблем ниту условите, бидејки тие се дефинирани во директивата и тука не можете да отстапувате, но навистина, со сето она што го правите во пракса, се прашувам кој ќе се јави на конкурс да биде избран за член на државната комисија за жалби по јавни набавки. Се плашам дека ќе ни се повтори истото што ни се случи со избори на членови за Судски совет на Република Македонија кои ги избра Собранието на Република Македонија. Таму, тоа го спомнав и во својата дискусија кога беше постапката за избор, наместо да бидат мотивирани истакнатите правници да конкурираат, универзитетски професори, адвокати и други истакнати правници, бевме соочени со листа на лица кои едвај некој ги познаваше. Да, ги познаваат пратиите на власт, оние што им рекле да дадат документи, бидејки во пошироки размери се работеше за анонимни личности. И сега, еве во законот, затоа што тоа го предвидува диркетивата, предвидувате за претседател на Државната комисија, да се именува лице кое е дипломиран правник, кој има положен правосуден испит, најмалку 6 години работен стаж како судија, јавен правобранител, заменик јавен правобранител, нотар или адвокат, односно 10 години на други правни работи по положен правосуден испит. Разликата од Судскиот совет до ова е што има голем број на стаж како услов што е предвиден, па малку тешко ќе ви оди. Меѓутоа, верувајте ниту ќе мотивирате добри судии, правобранители, нотари или адвокати да дадат документи. Освен, ако вие, според начинот на кој што работи оваа Влада, не им кажете на некои поединечни лица дајте документи, вие ќе бидете избрани. Или пак, може да се соочиме да се избираат други лица кои имаат 10 години формален стаж, меѓутоа, според стручните квалификации и знаења, што често пати е различно и сер азликува од стажот, да дадат документи и да бидат избрани.

Значи, се поставува прашањето кого ќе избереме, а не е само работата формално да се примени директивата.

Во законот се предвидува и разрешување на претседателот и член на Државната комисија, како можност, меѓутоа, предлог за разрешување може да поднесе Владата на Република Македонија. Јас навистина се прашувам што мисли Владата со вметнувањето на една ваква одредба. Еве и ова е една од работите за кои што нема конкретна директива, таму каде што има, каде што сте морале сте ги препишале, што исто така не е добро, а ќе кажам подоцна зошто, меѓутоа, каде што има можност вешто се ставаат одредби кои се само во интерес на Владата.

Во одредбите од законот, наведено е во кои случаи Собранието на Република Македонија го разрешува претседателот или членот на Државната комисија пред истекот на мандатот. Меѓутоа, кога станува збор за предлог за разрешување на претседател и член на Државната комисија поднесен од страна на Владата нема услови или причини за разрешување да се наведе во кои услови ќе се поведе ваква постапка. Тоа е оставено на потполна диспозиција на Владата, која ќе го искористи мнозинството овде во Парламентот и кога сака ќе може да разреши член или претседател на Комисијата што претходно ги именувала, или ги именувала друга Влада, односно ги избрало друго парламентарно мнозинство во Собранието.

Мислам дека со ова апсолутно, се руши овој концепт на законот насочен како закон за борба против корупцијата. Напротив, се претвора во нешто друго. Не спомнав пред малку само дека за член на комисија да се именува и лице кое е дипломиран правник и има најмалку 3 години искуство. Ајде за претседателот имаме услови во однос на стажот. Меѓутоа, што може да се случи со овие други лица, каде што е предвидено стаж од 3 години. Повторно избор на анонимци во еден вака значаен орган, во една ваква значајна институција, како што треба да биде Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Спомнав и дека ги препишувате директивите онака како што се напишани, меѓутоа, не е тоа интенцијата, заради тоа што тие директиви се однесуваат на повеќе земји членки на Европската

унија, еве сега и земја кандидат, како што сме ние. Значи, се работи за земји кои имаат различна правна регулатива во различни области и тие само на општ начин дефинираат некои прашања. Понатаму, разработувањето треба да се остварува со законите, еве во случајот и со овој закон за да имаме правилна приемна во пракса. И затоа имам забелешки на одребите кои што се однесуваат на поскапувањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки, заради тоа што сметам дека има одредби што не се усогласени со други наши законски прописи, кога ќе додјат случаи на укинување, на поништување и слични други одлуки што ќе ги носи комисијата, во пракса ќе има проблеми, меѓутоа, тогаш проблемите нема да можат да се решаваат, заради тоа што за да можат да се решат ќе биде потребно да се менуваат законите. И ова го користам како можност за апел, до оние што учествуваат во изготвувањето на законите. И не само за законските проекти кои што се поврзани со прифаќање на директиви и препораки на Европската унија, туку и кога се работи за превземање на одредби од меѓународни конвенции да се внимава при формулирањето и при нивното превземање по законски текстови, што стануваат позитивно право во Република Македонија, затоа што честопати со нивното директно интерпретирање или преведување настануваат проблеми во пракса.

Навистина почитувнаи колеги, од она што го истакнав, меѓутоа и од она што го кажаа претходните колеги во однос на законот, сметам дека овој закон нема да донесе во пракса ништо ново, туку само ќе ни овозможи во иднина да продолжиме Владата да ги троши парите за различни кампањи, како што е и онаа кампања за доделување на оскарите, а во пракса да работи сосема поинаку. Ќе имаме можност да гледаме доделување на оскари, што го прави Владата на сите професори, на сите лекари, на сите цариници, на сите полицајци, да ги дисквалификува сите професии во целина, да троши државни пари за тоа, а од друга страна преку вакви законски одредби на овој закон за јавни набавки, да овозможи нетранспарентно работење на оние кои што најмногу се повикуваат на корумпираноста на другите, а тоа се функционерите во Владата на Република Македонија.

Сметам дека имаше можност Владата и при подготвувањето на овој закон, меѓутоа и во функционирањето на Бирото за јавни набавки да направи чекор кој што ќе значи поголема едукација на кадрите кои ги применуваат одредбите на Законот за јавни набавки, потоа да се преземе нешто во однос на усогласеноста во работењето на Бирото за јавни набавки и ставовите на Државниот завод за ревизија, потоа, секторите што се формираа согласно новите законски прописи во Министерството за финансии, кои што значат и контрола на внатрешните ревизори во самите органи, за да може нешто да се постигне. Меѓутоа, вам апсолутно, сметам дека искрено не ви се потребни овие измени заради тоа што вешто манипулирате со јавноста, дека измените ги правите заради Европската унија, тоа и ќе се случи и ќе бидете формално покриени, меѓутоа, ако сакавте нешто да направевте, ќе направевте на оној план, што пред малку го споменав, во однос на конкретно превземање на чекори во работењето на органите во државата кои што работат како надзор над спроведување на Законот за јавни набавки. Меѓутоа мислам дека од вашата работа во изминатата година покажавте дека вие уште повеќе го стимулирате или ги стимулирате разликите што постојат во ставовите на овие институции, за да може вешто да си поигрувате со имиња содржани во извештаите од Заводот за ревизија.

Меѓутоа не заборавајте, ова можете да го правите еве уште за 2006 година половично, за шест месеци заради тоа што се работи за имиња што фигурираат во тие извештаи како функционери од претходната Влада. Ќе дојде период кога исклучиво функционери од оваа Влада, од ова владеачко мнозинство, од оваа власт ќе бидат ставени во тие извештаи, меѓутоа мислам дека и за тоа имате решенија, заради тоа што притисокот е еден од начините на вашето влијание во работата на многу институции, па вклучувајќи го тука и Државниот завод за ревизија, во чија што работа имавте влијание, директно или преку ваши луѓе и во изминатата година и во моментов. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам јас.

Процедурално госпоѓа Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Мојата процедурална забелешка повторно е упатена до вас господине Георгиевски, како претседател на Собранието на Република Македонија.

Вие по којзнае кој пат денес дозволувате да се потврди она што ние како опозиција го тврдиме. Дозволувате Собранието да се претвори во груба алатка во рацете на Владата на Република Македонија.

Она што го најавивте, ние веќе го добивме. Тоа е писмото од Владата, со денешен датум, а стигнато во Собранието во 10,58 часот и со кого, цитирам:

“Во интерес на запознавањето на македонската јавност, Владата на Република Македонија заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот за донесување закон за измена и дополна на Законот за јавн набавки”, односно Законот за кој што веќе во 10,30 часот расправаме.

Владата го донела овој заклучок на 6 октомври. За што станува збор господине Георгиевски? Дали вашата комуникација со Владата овој викенд беше прекината? Или, она што остава дополнителен сомнеж е тоа што господинот министер за финансии, во 10,30 часот, пред нас,

го достави своето експозе во полза на Предлогот за измена и дополнување на Законот за јавни набавки од Владата? Или пак, колку чинат овие непродуктивно потрошени часови работа на пратениците кои го обработија овој закон, доставија до Собранието 40-тина амандмани?

Господине Георгиевски, ќе ве отсетам уште еднаш, ова оди на ваше конто, вие, очигледно не сте компетентен веќе да раководите со седниците на Собранието на Република Македонија. Барам, по итно, не само четири реда објаснување зошто Владата го повлекува овој закон, туку сте должни да побарате од Владата поконкретно објаснување за што станува збор. Дали Владата, која не убеди дека станува збор, дека се работи за закон што е комплетно хармонизиран со законите од европската агенда, во овој момент признава дека пред нас доставила закон што апсолутно не го заслужува маркирањето со европското знаменце? Или пак станува збор за нешто сосема друго.

Очекувам, во овој момент да ја прекинете расправата и да го ставите на гласање ова барање.

**Љубиша Георгиевски:** Драга госпоѓо Бендевска говорите за сосема други работи. Не ја разбравте пораката.

Овде, сега, ние дискутираме за Предлог за донесување на закон за јавните набавки, со Предлог на закон. А, Владата го повлекува од постапка оној закон, уствари Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки. Значи, нешто сосема друго. Измена на постојниот Закон, а ова е нов закон. Тоа се однесува на седницата што ние, во нашиот собраниски аранжман ја викаме број 45. Не на оваа седница. Така што, тука нема никаква паника, ништо лошо, ништо изнасилено и тн.

Се работи за два предлози. Ништо друго.

(Дофрлање од место).

Па, кој да го повлече тој предлог што го повлече Владата, ако не Владата? Таа е предлагач.

(Дофрлање од место).

Знам, ние тоа прашање го дискутиравме. Не, ние го дискутиравме тоа и на координација. Наоѓавме решенија за тоа. Меѓутоа, тоа е постапката што е на Владата.

После координацијата на која што господинот Макрадули исто така обрна внимание на тоа дека за еден закон треба да се говори, ние интервенираве и тоа е резултат на тоа. Тоа е само заради практичноста.

(Дофрлање од место).

Тогаш, кога дебатиравме, тогаш имаше деловничка и секаква потреба. Сега, после повлекувањето, тоа е нешто...

(Дофрлање од место).

Не знам госпоѓо, јас не сум адвокат на Владата. Прашајте ја Владата. Имате институт пратенички прашања...

(Дофрлање од место).

До Владата преку мене. Може, добро, ќе ви биде одговорено. Но подобро Владата да ја прашате. Затоа постои Владата да ја прашуваме овде.

Се работеше за два закони, тоа се одделни работи. Сега, да ја продолжиме седницата.

За жал, госпоѓо Филипова, имате само пет минути. Дали ќе ви биде доста, или пак сакате да почнете па ќе продолжите после паузата или сакате после пауза да почнете, оставам на ваш избор.

После паузата.

Во тој случај, ако е после паузата, давам пауза за ручек и продолжуваме во 14,30 часот.

(Пауза од 13,30 часот )

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,30 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе продолжиме со работа.

Има збор пратеник госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитувам потпретседател на Парламентот и претставници од Владата.

Денеска е на дневен ред многу важен закон, Законот за јавни набавки кој предвидува како и на кој начин и со кого Владата ќе ги троши народните пари кои се употребуваат за потребните на народот, меѓутоа Владата и надлежните државни институции одлучуваат како да се трошат народните пари. И покрај тоа што е овој закон од големо значење не побудува интерес кај колегите пратеници, очигледно по присуството во салата. Меѓутоа, како и да е овде се претставници од Владата, овде е присутен господин заменик министер за финансии, директорот за Бирото за јавни набавки.

Па на почетокот од мојата дискусија би сакала да упатам едно прашање и се надевам дека ќе ме удостоите со одговор. Имено, во експозето на министерот во една реченица беше дадено дека со овој Закон за јавни набавки, беше кажано, се извинувам, со Законот за јавни набавки се утврдуваат детални правила за јавните набавки во субјектите во секторите водоснабдување, енегретика, транспорт и поштенски услуги. Не би сакала да шпекулирам со оглед на фактот дека и насловите во весниците деновиве дека за 2008 година за увоз на струја ќе ни требат 400 милиони евра, сигурно го знаете тој наслов и јавноста би требала да биде запозната колку во 2008 година ќе се потрошат средства за увоз на струја. Понатаму, друг наслов дека на повидок увоз на струја во четири очи, еве и тоа е статија во еден од дневните весници, па понатаму дека СДСМ стравува од набавка на струја во четири очи. После сите овие кажувања на добивме одговор од компетентни претставници од Владата освен напади врз поедини политички партии и од опозицијата не добивме конкретен

одговор што предвидува новиот Закон за јавни набавки во секторот енергетика, поточно попрецизно при увозот на струја во 2008 година. На кој начин ќе се трошат парите на граѓаните, како ќе се купува струјата и оние 400 милиони евра како ќе се потрошат за набавка за струја.

Јас се надевам дека ќе ми удостоите со одговор, па потоа би продолжила со дискусијата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник господин Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе,

Еве јас имам свое видување околу овој Закон за јавни набавки, закон кој што како што кажаа моите колеги кои што дискутираа пред мене, доста важен закон и затоа би зборувал конкретно по одредени недостатоци на овој закон, односно пред се, на почетокот би кажал дека овој Предлог закон кој што го имаме е така да кажам е понесреден од претходниот закон што го имавме односно закон кој што беше донесен некаде 2004 година и 2005 година. Во самиот увод што го имаме дадено од Министерството за финансии е кажано дека овој закон е добар закон кој што сепак би требало да се дополни поради одредени недостатоци кој што го има претходниот закон.

Значи, пред се се однесува за како недостатоци во овој закон кој пред тоа е донесен во 2004 и најверојатно дополнет во 2005 година се мисли на недостатоците кои се однесуваат на материјално правните одредби со кое е пропишана постапката за доделување на договор за јавна набавка кој ја користат субјектите кои оперираат во дејности водоснабдување, енергетика, транспорт и поштенски услуги и други контрадикторни одредби. Нашите колеги од СДСМ на сите недостатоци кои што ги има овој Предлог закон имаат поднесено амандмани по кои што ќе расправаме после општиот претрес и не би сакал сега да го елаборирам секој член од овој закон, но би сакал општо да кажам неколку работи кои што јас мислам, односно како пратеник, како граѓанин на оваа држава не се согласувам. Како што реков тоа ќе го видиме од амандманската расправа понатаму, но сепак накратко би сакал конкретно околу тие недостатоци кои што ме натераа да се јавам за дискусија по овој Предлог закон.

Пред се, како што кажав на почетокот според луѓето кои повеќе ја разбираат оваа проблематика и кои што се повеќе навлезени во оваа проблематика е дека, како што кажав на почетокот, овој закон е понедобар од постоечкиот закон. Зошто тоа го кажувам? Тоа го кажувам, тоа го кажуваат и самите амандмани кои што ги имаат поднесено колегите за подобрување на текстот на овој Предлог закон, но пред се јас би се задржал на зголемувањето на сумата за тендер, односно зголемување од 3.000 евра на 5.000 евра. Во досегашната практика, односно во досегашниот закон значи за било што кое што е над 3.000 евра мораше да се распишува тендер за да не дојде до злоупотреба при набавката на одредени добра меѓу два субјекти. Но, сега со овој Предлог закон оваа бројка, односно сумата од 3.000 евра се зголемува на 5.000 евра. Зошто е така, не знам, но сепак јас мислам, тоа најдобро го знаат луѓето кои што тоа го има овде дадено во овој закон односно Министерството за финансии или со други зборови кажано Владата која што е, под кое припаѓа ова Министерство. И во досегашната пактика многу недоречености имаше околу овие тендерски постапки до 3.000 евра каде што сепак мислам дека беше добро затоа што имаше контрола и за било што се водеше евиденција односно имаше внимателност кај субјектите кои сакаат, кои што имаат набавка на одредени средства, склучување на договори, сепак имаше некоја, како да кажам, некое внимание да не отстапат од тоа што го имаме со законот, односно 3.000 евра и 5.000 евра не е исто и затоа мислам дека овие две, мислам на зголемување од 3.000 на 5.000 евра односно за 2.000 евра не е добро што е дадено во овој закон, затоа што мислам дека ќе биде потешко за преминување односно за странките кои што треба да склучуваат да конкурираат на тендер или оние кои што треба да го извадат тендерот за да на субјектите им дадат право на игра.

Друга работа е исто што зборуваат колегите од СДСМ е околу 500 евра кои што без тендер можат сите субјекти да набавуваат, да склучуваат договори што ако тоа го пресметаме на годишно ниво е некаде околу 6.000 евра. Значи во континуитет некој ако би сакал да злоупотреби одредени надлежности или набавка на одредени работи или склучување на некој договори сепак, според мене, континуирано во повеќе наврати ќе може да го изигра овој закон кој што дава до 5.000 евра сега со овој Предлог закон да се наддаваат на одреден јавен тендер.

Значи, јас не би сакал, бидејќи колегата Марјанчо Николов, колешката Мери Младеновска-Ѓорѓиевска и Јани Макрадули доста зборуваа околу овој Предлог закон и затоа конкретно од членовите би сакал само да се задржам на членот 4 каде што имаме, како што кажав на почетокот, и амандман со кој што треба да се изврши дополнување или подобрување на текстот од овој Предлог закон.

Значи, според мое мислење или според мислењето на колегите од СДСМ би требало овде во членот 4 да имаме, значи после точката Г да имаме нова точка Ѓ со која би се надополнило да биде и здружение на граѓани и фондации на кои им се дадени јавни овластувања.

Зошто тоа не е направено, јас тоа не би сакал да го коментирам, но сепак даваме наша сугестија дека би требало и овие здруженија на граѓани на кои што им се дадени јавни овластувања да бидат вметнати во овој Предлог закон.

Исто така на истиот член би требало и наше мислење е дека ставот 2 треба да се менува и не треба да остане само Владата на Република Македонија да утврдува индикативен список на договорените органи од ставот 1 на овој член,

туку би требало, наше мислење е тоа, нов член односно кој би требало да гласи Владата на Република Македонија  на предлог на Бирото за јавни набавки утврдува индикативен список на договорни органи од ставот 1 на овој член кој на истиот начин се ревидира на секои 6 месеци.

Понатаму, би сакал според наше мислење член 11 би требало да се брише поради злоупотреба на средствата за јавни набавки, а во член 12 имаме односно наше мислење е дека би требало по зборовите Бирото за јавни набавки да се додадат три нови става 2, 3 и 4 кој што членот 2 би бил формулиран како Бирото за јавни набавки е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Ставот 3, Бирото за јавни набавки има стручна служба, вработените во стручната служба имаат статус на државни службеници согласно Законот за државни службеници и Бирото за јавни набавки би требало да се финансира од Буџетот на Република Македонија.

Тоа е потранспарентно и наше мислење е дека сега треба да биде така за да не дојде, дека се е под Владата како што имам замерка и во членот 13 каде што се назначува директорот односно овде вели дека директорот го именува и разрешува Владата на предлог на министерот за финансии.

Јас во претходниот период многу пати одосно не само јас сите колеги имаме интервенирано дека треба овие назначувања, разрешувања, од отчет, да не тргнуваат  секогаш од Владата и да завршуваат на Владата, затоа што сепак мислам дека би требало да биде потранспарентно и да се дадат ингеренции на некои други органи кои што не мора да бидат назначени од Владата каков што имаме овде предлог да не биде директорот именуван и разрешуван од Владата на Република Македонија односно на предлог на министерот за финансии, туку овој член 13 во став 2 да биде изменет и да гласи дека директорот на Бирото за јавни набавки го именува по пат на јавен конкурс и го разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашањата за изборите и именувањата.

Значи тоа се, како што кажав на почетокот ќе имаме амандмани, ќе дискутираме по нив, ќе ги образлагаме овде ние колегите односно пратениците од СДСМ околу овие амандмани. Толку би сакал да кажам бидејќи на број имаме многу и мислам дека со дел од тие поднесени амандмани ќе го подобриме текстот на законот, нели ако има расположение од страна на министерот или на заменик министерот но сепак ќе почекаме да дојде амандманската расправа да видиме дали има расположение кај Министерството за финансии односно кај министерот или заменик министерот.

Еве, јас сега за сега толку, ако чуствувам потреба пак ќе се јавам, благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани присутни.

Бидејќи не добив одговор од претставниците на Владата на моето прашање, ќе ја почнам мојата дискусија. Навистина не е на дневен ред точка пратенички прашања, но моето прашање не беше упатено за било што и до било кого, туку до компетентни претставници од Владата на Република Македонија, до заменик министерот за финансии присутен овде и до директорот  на Бирото за јавни набавки, исто така присутен овде.

Бидејќи не ми одговорија на моето прашање, можам да констатирам, со жалење, дека или не ја познаваат проблематиката доволно или се точни наводите дека струјата, согласно овој закон, во 2008 година ќе се набавува во 4 очи.

Јавните набавки се област во која е лоцирана корупцијата, особено имајќи го во предвид износот на јавни средства кои се одлеваат за задоволување на потребите од набавка кај набавувачите.

Ако договорот се склучува со повисока цена од реалната, двете страни имаат добивка. Приватниот понудувач ги зголемува своите приходи, а набавувачот има можност дел од овој профит да задржи за себе. Вообичаено е за двете вклучени страни да сакаат да го прикријат таквото корупциско однесување и тоа на сметка на  граѓание. Значи, денешниот закон нуди можност за поголеми корупции, корупции пред се во Владата на Република Македонија и во нејзините органи. При тоа треба да се истакна дека корупцијата во јавните набавки не донесува само загуба во пари, туку влијае да се набавуваат стоки, услуги и работи кои со своите карактеристики, квалитет и рокови на испорака не одговараат на потребите на набавувачот, а често се случува да се испорача само дел од договореното или испораката да изостане во целост. Последиците од неадекватните набавки двојно негативно се одразуваат на работата на државниот апарат и нивните претпријатија. Имено, трошоците на нивното функционирање се зголемуваат со тоа што квалитетот на услугите кои ги пружаат на граѓаните е послаб од потенцијалниот, што во крајна линија паѓа на товар на граѓаните, со оглед на тоа дека овие институции се финансираат со нивни пари, а истовремено граѓаните се и корисници на нивните услуги. Ова е дел од веб страницата на Бирото за јавни набавки, од брошурата јасно, гласно и јавно направена со помошна УСАИД, меѓутоа, очигледно само декларативно. Очигледно само декларативно, бидејќи на мала врата со овој закон, поточно со одредени членови од овој закон ќе ја озваничиме  можноста за корупција на големи пари во овој сектор. Потоа, оскарот и Стојче Стојчески за корупција сигурно ќе отиде кај еден од владините органи, дали ќе отиде кај директорот на ЕЛЕМ, кај директорот на МЕПСО или кај некој друг кој е над нив, ќе видиме.

Би сакала да кажам што ветувавте пред година ипол на граѓаните. Во вашата Програма од 100 чекори во делот 7, каде зборувате за добро владеење и борба против корупцијата, зборува дека Владата ќе спроведе силна медиумска кампања за борба против корупцијата. Медиумската кампања ја гледаме, меѓутоа, справувањето со корупцијата малку потешко, бидејќи справувањето со корупцијата токму кај позицијата се отвора на голема врата со овој закон, можност легално да се прават зделки, штетни по граѓаните на Република Македонија.

Вие наишавте дека ќе имате нула толеранција за корупција за сите владини и административни структури, кампања на сите нивоа и рокот ќе бил веднаш, а не ми одговоривте на прашањето како ќе увезуваме струја со овој закон.

Сте напишале дека ќе се намалат дискреционите права и утврдување легални рамки за регулирање конфликт на интереси, а денеска ги терата вашите сопартијци да легализираат едно огромно дискреционо право за увоз на струја од 400 илјади евра во 4 очи. Сте напишале дека целосна транспарентност во процесот на јавните набавки преку електронско објавување на конкурсот, имињата на фирмите победници, жалбите и решенијата по нив. Да, во овој закон се предвидува елекронска аукција како начин на реализација на повикот за јавна набавка, меѓутоа, досегашните ваши електронски избори да потсетам, добитници на социјални станови се бираа по електронски пат и распределба на места во студентските домови беше извршена по електронски пат. Меѓутоа, на сите им е јасно дека компјутерот работи онака како што е програмиран. Програмот за работа на комјутерот односно софтверот го изработува човек и, за жал, програмирањето на компјутеите, софтверите при досегашните електронски поделби беа изработени по партиски клуч. Мислам дека јавноста во Македонија знае, посебно младата популација дека при изработка на софтверот може да се категоризираат понудувачите, барателите на станови, барателите на соби во студентски домови на неколку начини. На едниот е се стави на пример една звезда, на другиот две звезди на третиот три звезди и потоа ќе му се каже на компјутерот во програмирањето предност ќе имаат тие со една звезда и ќе ги бира само тие. Тоа е најлесен начин прикриено од очите на јавноста да се избере човекот кој вам ви одговара, да се избере партиска фирма, да се избере партиски припадник за добиник на стан, а под превезот еве компјутерот кажал. Компјутерот не знае да мисли, компјутерот мисли онака како човекот ќе го програмира. Ако човекот го програмира да имаат предност одредени личности или фирми, а од досегашното искуство видовме дека само партискиот предзнак игра улога, тој нив ќе ги избере. Така што повикувањето дека електронските аукции ќе донесат правилно работење од досегашното искуство, повторно ќе повторам, ми дава голема сомнеж и убедена сум дека првилното работење ќе биде изиграно повторно.

Би сакала да јај потсетам јавноста за транспарентноста на нашата Влада односно за матните зделки на кои бевме сведоци до сега. Една мала дигресија, како ги продававте македонските богатства. Како го продадовте земјиштето зад Рамстор кобајаги на фирмата Радисон Сас, а што испадна на крајот? Како го продававте ТЕЦ Неготино, сеуште недовршена приказна, приказна за која дури, замислете, американскиот Стејт Департмент на нивна седница - брифинг за јавноста реагираше два пати. Реагираше и Европската банка за обнова и развој која сакаше повеќе да ни каже дека се работи за матна зделка, а вие да тврдите и понатаму пред народот дека се било во ред. Не, драги мои, воопшто не е во ред. Продажбата на ТЕЦ Неготино е криминогена зделка која ќе ни се врати како бумеранг, за жал малку подоцна, како што ни дојде ОКТА. Вие ја продававте ОКТА и покрај тоа што во Парламентот се тврдеше дека не е во ред продажбата, ја продадовте. По само 6-7 години дојде Одлуката на Парискиот арбитражен суд и сега од парите на Македонскиот народ, меѓутоа лесно е кога не се работи за лични пари лично заработени или пари од својот џеб, сега од парите на македонскиот народ ќе плаќате големи оштети заради таа продажба. Сигурно слично ќе биде и со ТЕЦ Неготино и останатите ваши зделки.

Меѓутоа, да се вратам на законот за јавни набавки кој е денеска на дневен ред.

Јавните набавки спроведени согłансо сега важечкиот закон кој, да потсетам беше донесен во текот на 2005 година со активно учество, на Светската банка, јавните набавки, според овој закон, не ви чинат, бидејќи вие ги поништувате по еднаш, два пати, огласите за јавни набавки, не можете до крај да ги легализирате вашите желби. Впрочем, јавните набавки за Самитот на НАТО во Охрид покажаа што се случуваше таму. Во 24,00 часот ноќе ги известувавте фирмите дека, за жал, не ја добиле набавката и покрај тоа што претходно им кажавте дека тие се добитниците, им се заканувавте дека ако се жалат ќе бидат санкционирани на невиден начин за утредента да ја дадете набавката на трета фирма. Мислам дека ќе знаете овие работи, меѓутоа, за македонската јавност би требало да го кажам тоа овде.

Јавните набавки го изигрувате законот и на многу други места. Да спомнам распределба на средствата по повиците за јавни набавки на новиот Штипски универзитет "Гоце Делчев" е исто така интересен. Дали тоа го знаете или не, кој ги добива тендерите, на кој начин ќе се потрошат петте милиони евра средства од Буџетот на Република Македонија, средства на граѓаните. Иницијативата е се со цел да се потрошат големи средства од кои добар дел ќе заврши во приватни џебови, ќе видиме.

Во тек е конкурс за издавање на ХЦ “Тиквеш” под концесија, замислете на рок од 70 години во пакет со конкурсот за инвеститор  за двете хидроцентрали на Црна Река “Чебрен” и “Галиште”. Во пакет од страна на Министерството за економија и повторно на мала врата оди не само барањето  на инветитор за Чебрен и Галиште, туку ќе му ја дадеме на тој инвеститор ХЦ”Тиквеш” без збор од стручната и експертската јавност, повторно продавање на македонско богатство на некој трет. Нешто слично како со ТЕЦ Неготино, а тоа се случува паралелно со најголемите недостатоци од елекрична енергија на македонскиот пазар.

Овие денови кога се прашуваме како македонското стопанство ќе го помине ова зимо, бидејќи евидентно е дека нема да има доволно електрична енергија, бидејќи уште во текот на есента се испразнија хидроакумулациите, езерата, поради производство на електрична енергија во хидроцентралите кои обично се чуваат за шпицовите. Бидејќи после дефектите во РЕК Битола во што туку ремонтираниот блок на РЕК Битола после дефектите и проблемите во турбината на ТЕЦ Осломеј повторно што туку ремонтираната ТЕЦ Осломеј после неможноста да се увезе електрична енергија од Бугарија и Србија поради ремонтот на 400 киловолтната врска со Србија и недозволувањето на грците преку  нив да увеземе, мораше давеникот за сламка да се фаќа и да се испразнат хидроакумулациите во Македонија, за жал.

Морам да кажам дека начинот на кој ќе се обезбедува електрична енергија за ова зимо ќе биде чуден, а за тоа всушност не алармираат и не информираат јавните гласила. Од една страна знаеме дека за 2008 година, за увоз на струја ќе ни требаат 400  милиони евра, најголема сума до сега, поради тоа што делумно постојните енергетски капацитети ќе произведат помалку струја од било кога до сега. Ако изминатиот период РЕК Битола произведувал по околу 6300 до 6500 гига,ват часа електрична енергија, годинава поради лошото работење и раководење пред се во РЕК Битола ќе се произведат само 5500 гига ват часа електрична енергија, па ќе видиме дали и тие ќе се постигнат во наредниот период.

Сомнежот е на тој начин да не се отвора место да се увезува поголем количина на струја, ќе видиме. Меѓутоа, во секој случај за каков развој на македонското стопанство станува збор и каква можност од  нови странски инвестиции кога ние и за постоечките тешко обезбедуваме електрична енергија. Електричната енергија, односно струјата ќе се произведува, ќе се набавува од увоз во наредниот период со директни спогодби односно во 4 очи со овој закон кој денес овде треба да биде изгласан.Впрочем, во Бирото за јавни набавки објасниле дека новиот закон за јавни набавки нема да се применува на договори чиј предмет е набавка на електрична енергија или на горива за нејзино производство. Тоа важи за договорите што ги доделува орган што врши дејност во областа на енергетиката или истражување на земјиште заради вадење нафта, гас, или јаглен.

Но, законодавецот никаде нема предвидено дополнителна процедура по која ќе се набавува струја од надвор.Тоа значи дек ане е забрането раководството на МЕПСО да склучува непосредни спогодби со фирмите што тргуваат со струја, со што не е исклучена можноста од злоупотреби. Плашејќи се од такво нешто, се јавив денес за дискусија и сакав да ги информирам како претставниците на владеачкото мнозинство, так аи македонската јавност, а се надевав дека ќе добијам одговор од Владата или пак истата ќе го повлече овој закон и ќе го носи во две фази, како би се отсранила оваа можност од злоупотреби. Но, во ред, такво нешто не се случува, ќе видиме и резултатите ќе бидат познати подоцна. Во МЕПСО не го коментираат законското решение , пред да стане официјално. Но, велат дека и понатаму увозот на електрична енергија ќе се врши преку транспарентна постапка, која треба да биде одобрена од Министерството за економија и од Регулаторната комисија за енергетика. Такво нешто во законот не гледаме. Законодавецот мора да ја утврди процедурата за увоз односно да не му дава дискреционо право на преносниот систем. Апелираме такво нешто да се направи. Мора да се знае како ќе се распишува јавен оглас,како ќе се избира најповолна цена и како ќе се спречат злоупотреби. Мора да имаме гаранција дека ќе се купува струја по најниска цена. На пример, Грција како земја членка на Европската унија набавува струја месец за месец, со тоа што постапката ја започнува 30 дена однапред. Изборот го завршува за 15 дена, а во наредните 15 обезбедува производни капацитети. Но, за нас тоа не важи. Ние сакаме да оствариме можност некој да си набавува струја во 4 очи. Корупциска афера на повидок, ние треба овде само да ја озваничиме, најверојатно.

Сето она што се случуваше во енергетскиот сектор, трошењето на 500 иљјади евра во МЕПСО народни пари за спонзорства и реклами и понатаму ставање пепел на скандалот без некакво објаснување.

Потоа, набавките на јаглен за потребите  на Термоцентралата Осломеј од рудниците во Вевчани и во Пехчево повторно без тендер, плаќањето на оваа руда, на овој јаглен кој минатата година се носеше цела зима, со електрична енергија, со претворање на калориската вредност на јагленот во киловати и враќање на толку киловат часови енергија, формула која може секој да си ја или пак стручњаците да си ја направат онака како на нив што им одговара, без никаков тенде е место за Антокорупциската комисија. Но, Антокорупциската комисија работ, веќе од авиоон се гледа, онака како што Владата бара од неа.

Осигурувањата во ЕЛЕМ и МЕПСО, за тоа говорев уште минатата година ова време

покажаа дека се направени без тендер со спогодба во 4 очи и замислете Антокорупциската комисија се изјасни дека тоа билово ред. Заради тоа денес треба да изгласаме закон таквите зделки да ги легализираме. За жал, народните пари да ги трошите на легален  начин, со спогодби во 4 очи. Меѓутоа, институциите во Република Македонија и македонскиот народ, како и меѓународните институции гледаат што се случува. Не џабе Светската банка се изјасни дека новиот Предлог закон за јавните набавки е изготвен без консултација на Светскаа банка. Тоа е овој Предлог закон кој денес го гледаме овде, иако претходниот од 2005 година е направен токму по препорака на банката и беше услов лани да го добиеме првиот ПДПЛ заем во висина од 30 милиони долари. Експертите од Светската банка во изминатиот период работеле на студија за финансиски менаџмент и за јавни набавки, која требало да биде основ аза подобрување на регулативата. Но, Владата ги претекнала со нов закон, за кој воопшто не ги известила, а камо ли да се консултира со нив. Точно, кога сакаме да направиме нешто матно не ни е потребно некој од надвор да ни се меша и да ни соли памет како треба да се направи.

По новиот закон постојат одредби што се однесуваат на набавки преку нтаканаречени секторски договори за набавки во енергетиката, транспортот, водоснабдувањето и поштенските услуги за компаниите во државна сопственост што вршат дејност од овие сектори, нема да биде потребен конкурс за набавка до 200 илјади евра и за изведување на работи во вредност од 4 милиони евра, со што  значително се подигнува цензусот за објавување конкурс.

Слушнавме овде во експозето на министерот дека овој закон бил работен во согласнсот со Европската унија дека него работеле експерти за јавни набавки од Сигма и дека немало потреба да се консултира Светската банка. Меѓутоа, кога ќе се погледне законот, може јасно да се види дека има делови кои се неусогласени со европското законодавство. Во компаративната, кореспондентната табела всушност на дел од членовите јасно стои дека е потполна усогласеноста, а на дел од членовите дека е делумна усогласеноста. Па, впрочем, ние и не се надеваме дека сите членови ќе бидат делумно усогласени. Делумно усогласени ќе бидат членовите за кои ви одговара да се направи, да се стават други формулации, друг тип на членови како би можел да се изигра законот за јавни набавки, како би можела да се изигра транспарентноста и јавноста, а да се склучуваат договори во 4 очи, договори меѓу две страни.

Би сакала да цитирам некои такви делумноусо гласени членови. На пример, на страна 195 од оваа табела на усогласеност може да се види дека постои делумна усогласеност на делот кој се однесува на поканата за поднесување на понуди во втората фаза. Бидејки, нашиот Закон, овој новиот кој денес го носиме, предвидува дополнителен рок да се дава до колку е потребно “дополнителни документи кои економските оператори мораат да ги поднесат, со цел да ги потврдат изјавите или да ги потполнат документите поднесени во фазата на предквалификација, со која ја докажуваат својата способност. Значи, ако понудувачот кој ние сакаме да го избереме, кој нам ни одговара и кој ни се бендисува не доставил се ќе му дадеме дополнителен рок. Такво нешто не се случува во Европската унија. Меѓутоа, за такво нешто сме сведоци деновиве при продажбата на РЕЦ Неготино, колку пати македонската Влада го пролонгира рокот по барање на Хач или по барање на бугарската фирма,по барање на Генадиј Табаков или на некои трети, времето сигурно ќе покаже каква беше вистината како шило, врти, врти на крај излегува се. Гледаат што сме направиле, Е, сега, со овој закон тие дополнителни рокови си ги легализирате. Овде изјавувате дека законот бил потполно усогласен со Европската унија, што не е точно. Значи, уште еднаш повторувам, Европската унија, европското законодавство таква можност не остава.

Втор пример ќе наведам, страна 213 од кореспондентната табела. Повторно член 155 став 1 од денешниот закон, за кој се вели дека има делумна усогласеност, член кој се однесува на квалитетот на стоките и каде се вели “кога се бара поднесување на сертификати издадени од независни институции со кои се потврдува дека економскиот оператор се придржува доодредени стандарди за гаранција на квалитет, договорниот орган ги посочува системите за квалитет засновани врз релевантни европски или меѓународни стандарди”. Замислете, не цитирано, туку релевантни европски или меѓународни стандарди. Со помош на ваквиот член, помина фамозниот тендер за цитостатици во кој Министерството за здравство или Бирото за лекови увезе цитостатици од Индија без никаква гаранција за квалитет, без никаква гаранција дека истите имаат од референта лабораторија доказ дека се квалитетни и кои биле произведени во Индија и употребувани според пишувањата на дневниот печат во Украина и уште во Русија. Сите тие ги увезовте во Република Македонија и се даваат на нашите болни, иако не знаеме дали се квалитетни, иако не знаеме дали истите имаат позитивно или негативно влијание врз здравјето на тие болни. Европската унија во своите акти такво нешто недозволува и во нивниот член се вели дека треба да има гаранција на квалитет заснована на релевантна серија европски стандарди овластени од телата кои се придржуваат кон серијата европски стандарди за сертификација. Значи, овде ова ни одговара, релевантни европски или меѓународни стандарди и си го ставивме, а зборуваме за закон усогласен со Европската унија. Јасно е дека не е така.

Мене ми е мило што видов дека на седницата повторно  е присутен почитуваниот министер Трајко Славески, министер за финансии и би сакала и нему да му го упатам истото прашање

кое го упатив до заменикот министер, бидјеки не сакам пред целиот македнски аудиториум, пред целата јавност да шпекулирам. Бидејки, од претходните присутни не добив одговор на кој начин согласно новиот закон за јавни набавки ќе се набавува електричната енергија однсоно Ќе се набавува струјата или енергенсите за производството на струја во наредната година. Дали се точни кажувањата и шпекулациите и дали воопшто се шпекулации дека струјата Ќе се набавува во 4 очи ако знаеме дека најверојатно во 2008 година ќе мора да се набават киловат часови, мегават часови и ќе мора да сенабави струја во вредност од околу 400 милиони евра. Се надевам дека почитуваниот господин министер ќе има слух, ќе не удостоикако нас присутните пратеници, уште повеќе македонската јавност за вистината за тоа што нашата Влада планира.

На крај би сакала да завршам со подршката на најголемд ел од овој закон, меѓутоа да апелирам дека до сега изнесените забелешки би требало уште еднаш да ги обработите. Мислам дека голем дел од нив се суштински иби требало да го повлечете донесувањето на законот во две фази односно истиот да оди , се извинувам, донесувањето на законот во една фаза и истиот да оди во две фази заради усогласување на недореченостите, делот кој досега го наведов со европското законодавство, заради почитување на основното правило во јавните набавки, а тоа е јавност и транспарентност. Без тоа ќе оставите сомнеж како кај нас како опозиција и можност да ве напаѓаме поради тоа секојдневно, меѓутоа вие ја отворате таа врата, уште повеќе кај макеоднските граѓани дека донесуваме закон со кој сакате да легализирате одредени ваши планови, со кои сакате да фаворизирате одредени фирми, директори, управни одбори, кои се надевам ќе бидат едни од добитниците на македонскиот оскар за корупција. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, јас сосема накратко, при што вториот дел ќе ми биде процедурален. Сега викендов бев на една конференција која што од Југоисточна Европа на претставници на Парламент од Југоисточна Европа, каде што насловот беше “Да го спасиме Парламентот”. Таму една од точките кои што кажуваат за тоа што значи да се спаси Парламентот е тоа дека кога прратениците ќе постават некое прашање, да не бидат игнорирани и омаловажувани со игнорирањето од страна на претставниците на предлагачите. Ако сакаме да се изјасниме за еден закон позитивно или негативно ние поставуваме некои прашања или отвораме некои дилеми.

Госпоѓа Верица Филипова постави и на заменикот министер и на министерот многу конкретно прашање за кое што целокупната јавност зборува. Дали од три луѓе ќе нарпавиме мултимилијардери, ќе го легализираме она што во овој момент го прават, увезуваме струја како да ќе ја чуваме некаде, па ќе ја препродаваме по некоја година и тоа некој што сака да го легализира, граѓаните имаат право да знаат, ова е Парламент на граѓаните на Република Македонија. Јас поставив прашање дали со овој закон сега ќе треба, јас мислам дека треба да се распишуваат јавни набавки во делот на фиксната телефонија, бидејќи компанијата ОН-НЕТ нуди услуги во фиксната телефонија и не е само македонските телекомуникации кои тука важат.

Трето, поставив прашање дали во овој момент во Бирото за јавни набавки има хардверско-сортферска инфраструктура за обезбедување на заштитен систем за одвивање и реализација на концептот за електронска аукција. Ако нема по кој закон за јавни набавки ќе се набавува истиот тој хардверски-софтферски систем за овозможување на елктронската аукција. Заради тоа што нема одговор во овој момент, јас ќе бидам приморан како пратеничка група, како координатор на пратеничката група на СДСМ да побарам пауза, но процедурално сакам да укажам на следново. Се извинувам, не е претседателот, но вие како потпретседател го заменувате. Имено, во член 56 претседателот на Собранието ја испитува уредноста на иницијативата за предлагање за предлагање на закон. Во членот 160, со Предлогот на законот се поднесува и образложение за причините поради кои се поднесува законот односно што се уредуваат.

Сега, ве молам, бидете внимателни да ме слушате. Податоците за износот на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на обезбедување на тие средства. Еве го Предлог законот во Глава 3, финансиски средства за спроведување на законот. Вели: “За спроведување на овој закон ќе бидат потребни финансиски средства за формирање на Државната комисија за жалби, за развој на системот на јавни набавки, како и за потребната инфраструктура за електронските набавки. Имено, тоа значи дека не пишува износ и не пишув аод каде ќе бидат тие податоци.

Затоа, потпретседателе, барам во овој момент да ја прекинете точката, овој закон не е согласно процедурите и Деловникот на Собранието. И ве молам тоа некако да го добиете како инфорамција од Министерството и утре да почнеме со истото. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Вака сега, почитуван колега, прво, вие имавте едно барање за пауза. Точката за да ја тргнеме, знаете како, може да одлучи предлагачот, значи ли ние како Собрание на ваш предлог да се истера точката. Еве, министерот за финансии ќе се јави.

**Јани Макрадули:** Не, Деловникот не може да го толкува министерот за финансии. Вие сте одговорни да го толкувате Деловникот. Јас ви давам пример дека по член 160 овој закон не е уредно поставен на дневниот ред, затоа вие

треба да ја решите ситуацијата, а не министерот за финансии. Јас се повикувам на Деловникот. За Деловникот на процедурална забелешка согласно овој Деловник ќе ми одговорите вие. Зошто не е почитуван член 160 и имаме закон штоне е согласно Деловникот за работа на Собранието. Не сакам јас помош “позови пријатеља”, па сега од министерот да се бара да зборува. Јас од вас барам одговор.

**Иван Анастасовски:** Добро, бидејки и самиот знаете дека оваа точка на дневен ред беше некаде на 6 јули, 16 јули пред одморите и затоа сега повторно имаме денес. Јас само би му дал збор на министерот и ќе останеме на тоа и паузата и да се договориме за ова .Значи, остануваме со точката на дневен ред. Остануваме и понатаму.

Останува второто ваше барање, ако останувате на тоа да побарате пауза.

(Објавувам пауза од половина час)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,10 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Почитувани колеги, бидејќи паузата беше побарана согласно членот 160, легитимно барање од пратеникот на пратеничката група на СДСМ, а во контекст на тоа бидејќи законот е од поодамна и Комисијата за финансирање и буџет не заседавала, пријавен е министерот за финансии кој ќе образложи по однос на она што беше барањето од пратеникот Макрадули.

Повелете, има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе,

Пратеникот се повика на соодветен член на Деловникот на Собранието, со тоа што е потребно предлагачот да образложи, или пак оној што ја става точката на дневен ред, да провери, дали се обезбедени соодветни финансиски средства и од кои извори за спроведување на некои одредби од законот.

Составен дел на овој предлог за донесување на закон, со Предлог на закон е образецот за фискални импликации, кој што е доставен од страна на Владата, затоа што ниту еден документ на Влада, на може да добие верификација, доколку таков образец нема.

Овој образец е доставен и до Парламентот. Јас во меѓувреме проверив, го има на веб-страницата на точката која што фигурира во Собранието. Истиот оној, кој јас го имав во раце. Станува збор за утврдени средства за спроведување на овој закон во текот на наредната година. Всушност, кога законот стапува во сила. Она што можеби, може да се постави како прашање за средства кои што се неопхогни за некои активности, во врска со предвидените електронски аукции, веќе Владата на Република Македонија го има на располагање.

Само да спомнам дека кон крајот на 2005 година со помош на УСД во Генералниот секретаријат на Влада е воспоставен систем за извршување на електронски аукции. Значи, повторувам кон крајот на 2005 година. Се цени дека тој систем за старт за спроведување на тој закон во намера во која што ќе има електронски аукции и е сосема задоволителен, а доколу треба некоја надградба, тоа ќе го покаже практиката, за што соодветно ќе се планираат и ќе се обезбедуваат средствата.

Тоа беше моето разбирање и мојот одговор на загриженоста на пратеникот кој што го постави ова прашање, а ако дозволите понатаму, јас затоа што бев прашан, односно во текот на дискусиите повеќе пратеници поставија различни прашања.

**Иван Анастасовски:** Во ред, ќе се јавите подоцна повторно за да објасните одредени прашања и дилеми кои беа поставени.

Три минути процедурално пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** За тоа дали системот, односно хардверскиот и софтверскиот систем, да почекам парадата од ВМРО да заврши.

**Иван Анастасовски:** Седнете колеги, ќе добиете дополнителни 15 секунди.

**Јани Макрадули:** Можеше и подобар избор да направат, но тоа е сега.

**Иван Анастасовски:** Повелете.

**Јани Макрадули:** Значи, се уште потпретседателе се обидувам да го заштитам дигнитетот на Собранието на Република Македонија.

На процедуралната забелешка, согласно Деловникот, ми одговарате вие како претседавач.

Јас уште еднаш прашувам, дали овој закон е согласно член 56 од Деловникот за работа на Собранието и член 160 уредно поставен.

Бидејќи очигледно имаме дилема, барам подршка од десет пратеници ова да го разгледа Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања, исто согласно Деловникот.

Тука да ја прекинеме и утре да ја добиеме таа информација да можеме да дискутираме, дали системот во овој момент што постои е задоволителен од први јануари да почне, или не. Но, во овој момент имаме деловничка пречка, потпретседателе, која што не спречува да продолжиме да работиме понатаму.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи знаете дека по Деловникот претседателот ги става точките на дневен ред. Во тој случај вие имате легитимно барање. Претпоставувам дека имате подршка од десет пратеници. Така.

Јас овој легитимен предлог од колегата Јани Макрадули го ставам на гласање.

Меѓутоа, во мометнот...

**Јани Макрадули:** Треба да ја прекинете.

**Иван Анастасовски:** Јас и пред паузата реков дека не ја прекинувам. Продолжуваме со работа.

**Јани Макрадули:** Имаме деловнички спор. Треба Комисијата да се изјасни согласно Деловникот. Имаме спор деловнички. Вие не ми одговарате

на оваа процедурална забелешка. Вие повикувате друг што не е надлежен за тоа. Во овој момент тој што е претседавач, тој треба да ми одговори процедурално. Зошто нема точен износ на средства и од каде ќе бидат тие средства. Тоа зборувам јас. Во случај на деловнички спор, како што имаме во овој момент потпретседателе, Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања го толкува тоа.

**Иван Анастасовски:** Тогаш ќе треба да ја прекинам седницата и утре да се свика Комисијата.

**Јани Макрадули:** Така е потпретседателе како што му кажувате на секретарот, така е.

**Иван Анастасовски:** Ова барање е легитимно почитуван колега, меѓутоа, знаете дека јас можам и да ја прекинам овде седницата и можам да повикам претседателот на Комисијата да ја свика утре пред почетокот на ова продолжение и да ја разрешиме оваа дилема. Да го имаме одвде пред вас извештајот на Комисијата и со тоа ќе ја разрешиме таа дилема.

Во тој случај, почитувани колеги, овде ја прекинувам денешната работа, со замолница, претседателот на Комисијата  од кој е побарано да се реши овој спор, утре во некое разумно време, пред почетокот, односно пред продолжението да ја свика Комисијата за да имаме овде дециден извештај за овој спор.

За продолжението конкретно ќе бидете преку СМС информирани, почитувани колеги.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,20 часот)